# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ РИСТО КРЛЕ“ нм.КАДИНО,

## ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## ЗА ПЕРИОД ОД 2023/2024 ДО 2024/2025 ГОДИНА




**Април 2025 година**

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ „Ристо Крле“ нм.Кадино, Општина Илинден** |
| Адреса | Ул.10 бр.34-г нм.Кадино |
| Телефон, е -пошта | 02/2561-540<br>ristokrle_ou@yahoo.com<br>ou-ristokrle-kadino-ilinden@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Октомври 2024- Февруари 2025 година |
| Број на ученици во училиштето | 297 ученици |
| Број на подрачни училишта | 2 (две) подрачни училишта<br>ПОУ Мралино<br>ПОУ Бунарџик |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | **Јовче Петковски** |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од ОУ** | |
| Име и презиме | **Бојан Велковски** |
| Потпис | |
| Датум | |

Согласно Член 129 и 130 од Законот за основно образование ( Сл.весник на РСМ бе.161 од 05.08.2019 година и 229/20) за обезбедување на квалитетот во наставата, училиштето спроведе Самоевалуација. За изготвување на Самоевалуацијата 2023-2025 беа користени Законот за основно образование, Индикаторите за квалитетот на работењето на училиштето и Водичот за самоевалуација изготвени од МОН и ДПИ. Самоевалуација на работата на училиштето се спроведува на крајот на секоја втора наставна година и е усогласена со областите од интегралната евалуација, а истата ја спроведува училишна комисија составена од 5 члена.

**Опис на процесот на СЕУ**

За време на самоевалуацијата на училиштето, директорот, наставниците и стручниот соработник во консултација со училишниот одбор, родителите/старателите, учениците и локалната самноуправа се вклучуваат во рефлексивно проверување на работата на училиштето преку прибирање докази од различни извори и испитување на мислењето, ставовите и потребите на учениците, наставниците и стручниот соработник и роситeлите/старателите. За таа цел Училишниот одбор по предлог на училиштето формира училишна комисија за Самоевалуација во состав:

- Јовче Петковски – Директор,
- Јулија Тргачевска- педагог,
- Лидија Ѓаковска- одделенски наставник, наставник ментор,
- Кристина Сталеска Секуловска – предметен наставник,
- Јовица Панајотовиќ- претседател на Совет на родители

Активноста беше водена и координирана од стручниот соработник, педагог Јулија Тргачевска и директорот на училиштето Јовче Петковски. На предлог директорот на училиштето заради навремено и ефективно спроведување на СЕУ беа формирани 4 работни групи кои работеа на секое од четирите подрачја, односно 4 рамки за самоевалуација на училиштето, со назначени координатори и тоа:

1. **Планирање, настава и учење**

Координатор: Славица Димитрова Ристовска

Членови на тимот: Кате Илијевска, Шпреса Митре, Ивана Иванова, Зоран Алексовски, Фросина Голубовска, Ивана Давиновска

2. **Постигнување на учениците**

Координатор: Јасминка Тодоровска

Членови на тимот: Јованче Бизимоски, Јасмина Ѓорѓиевска Стеванова, Валентина Васевска, Марија Зоксимовска, Викторија Арсовска,

**3. Училишна клима**

Координатор: Жаклина Смилевска

Членови на тимот: Адријана Стоимировска Ангеловска,Анета Митровска, Катерина Величковска, Анета Дивјаковска Ковачовска, Кристијан Трајковски

**4. Управување, раководење и креирање политики**

Координатор: Сашка Ангеловска

Членови на тимот: Сузана Крстевска, Валентина Милчевска, Магдалена Здравковска, Бранкица Анастасовска, Даниела Костадиновиќ, Елена Тодевска.

Конечната одлука за комисијата ја одобри Училишниот одбор на седницата одржана на ден 18.10.2024 година со Одлука бр. 0201-346/4 од 18.10.2024 година. Прашалниците за прибирање на податоци од учениците, родителите/старателите и наставниот кадар се превземени од Водичот за самоевалуација и прилагодени од страна на стручниот соработник-педагог Јулија Тргачевска, а за дистрибуција, прибирање, сумирање и обработка на добиените податоци беше задолжен тим од координатори на секое подрачје. Работните групи навремено и успешно го завршија процесот на самоевалуација. Истите имаа неколку состаноци и повеќе консултации со комисијата за СЕУ, како и меѓусебни консултации во рамки на подрачјата за побрзо и поефективно спроведување на самоевалуацијата. Директорот на училиштето на Комисијата и работните групи им ги достави на увид сите записници и други податоци од работата на училиштето. На ниво на секое подрачје од страна на работните групи беа утврдени клучните јаки страни, беа согладани слабостите врз основа на што е направена анализа на состојбата и се предложени идни активности, односно приоритетни подрачја во рамките на секое подрачје кои ќе бидат вклучени во Развојниот план на училиштето која треба да се изработи за период од 2025-2029 година.

**Вовед**

Континуираното оценување на квалитетот на работењето на училиштето е од суштинско значење за подобрување на постигањата на училиштата. Тоа ни дава поттик и ни овозможува преку различни инструменти, постапки и ресурси да ги испитаме нашите наставни практики, административни процедури, постигнувањата и целокупната училишна култура. Ни помага да ги идентификуваме областите во кои напредуваме и оние кои треба да ги подобриме за да обезбедиме квалитетно образование за нашите ученици. Суштината на овој процес е во вклучување на сите чинители во училиштето. Преку самопроцена, меѓусебна процена и заедничко планирање на подобрувањето, можеме да ги искористиме нашите силни страни и да одговориме на предизвиците. Унапредувањето на училиштето е цикличен процес за проверување, планирање, менување и повторно проверување на состојбите во училиштето. Основна цел на унапредувањето на училиштето е да се намалата разликите помеѓу очекуваните постигнувања и постигнувањата остварени со постоечката практика на училиштето. Може да се постигне така што ќе се работи на „истите нешта, но подобро“ (квалитативна промена) или „на понаков начин“ (иновација). Всушност, унапредувањето на училиштето се темели на постојано следење на квалитетот на неговата работа, односно на постојано проверување дали и во колкав степен, но и со каков квалитет планираните цели се реализирани. Самоевалуацијата на училиштето е колаборативен, инклузивен и рефлективен процес преку кој училиштето ја вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е планирано и направено и како е направено, односно процес низ кој училиштето добро се запознава самото себе и ги пронаоѓа најдобрите начини за унапредување на својата работа. Овој процес вклучува континуирано следење, анализирање и проценување на успешноста на работата на училиштето, првенствено на квалитетот на поучување и училишната клима, водејќи сметка за најдобриот интерес на секој ученик. Се темели на пристап заснован на докази од разни извори и судови од различни чинители, со цел да се донесат релевантни мерки за подобрување на учењето и постигнувањата на учениците. Самоевалуацијата се користи како процес за јакнење на капацитетите на училиштето со цел за напредок, развој и успех на сите чинители на воспитно-образовниот процес.При изготвување на самоевалуацијата на нашето училиште Комисијата и Тимовите по релевантните подрачја се придржуваа целосно кон упатствата и ги почитуваа принципите содржани во Водичот за самоевалуација.

## ПОДРАЧЈЕ 1: Планирање, настава и учење

**Координатор: Славица Димитрова Ристовска**

**Членови на тимот:** Кате Илијевска, Шпреса Митре, Ивана Иванова, Зоран Алексовски, Фросина Голубовска, Ивана Давиновска

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1. | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето |
| 1.2. | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Планирање и реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3. | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4. | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5. | Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности<br>• Натпревари |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Наставни планови и програми донесени од МОН<br>• Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Планирања на наставниците<br>• Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки<br>• Записници и списоци од состаноци на стручни активи<br>• Анкети со наставници<br>• Интервју со директорот и стручниот соработник | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Планирањето на наставата се реализира согласно законот и насоките за планирање, организација и реализација на наставата во основното образование за тековната учебна година. Нставниците согласно наставни планови и програми од МОН најчесто тимски, на ниво на актив изготвуваат годишни, тематско-процесни и дневни планирања (согласно актуелната концепција за конкретното одделение) и тоа според старата концепција изготвуваат годишни, тематско-процесни и дневни подготовки (дневен оперативен план), додека според новата концепција изработуваат планирања на реализација на натавната програма, недели планирања и сценарија за час со неопходните елементи за успешна реализација на воспитно-образовниот процес за сите предмети - задолжителни и изборни предмети (изборни предмети според старата концепција и според новата концепција слободни активности од прво до трето одделение и слободни изборни предмети од четврто до седмо одделение). Изготвените планирања се доставуваат на увид кај стручната служба која ги проверува, повратно ги информира наставниците и доставува информација до директорот на училиштето. Проверка вршат инспектори од ДПИ и советници од МОН.<br><br>Според извештаите од следење на планирањата, во рамки на планирањата, а според проценките и препораките од МКФ одделенските и предметните наставници кои работат со учениците со посебни образовни потреби не изготвуваат посебен индивидуален образовен план за работа со учениците, бидејќи според актуелната |

| | | |
|---|---|---|
| • Извештаи за следени планирања<br>• Распоред за посета на часови<br>• Извештаи од посетени часови<br>• ЛППР | | проценка од МКФ учениците ја следат наставата со општа поддршка и за двајца од нив доделени се и образовни асистенти. Се изработуваат годишни, среднорочни и индивидуални планови за ученици со посебни образовни потреби изготвени во зависност од нивните индивидуални способности. Активностите пак се внесуваат во дневните планирања според старата концепција како диференцирани цели и активности, додека според новата концепција се внесуваат во сценариото како соодветни стандарди за оценување согласно процената и препораките од МКФ, односно согласно актуелната ситуација како диференцирани активности во сценаријата.<br><br>Според извештаите од посетата на часовите сите наставници изготвуваат дневни планирања како и сценарио за часот кое е во склоп на неделното планирање. Кај најголем број од наставниците дневните оперативни планови како и сценаријата за часот ги содржат сите елементи и информации (а само кај некој не се запишани основни информации како паралелка, тип на час, име на училиштето и сл.) Дефинираните цели и исходи се во согласност со содржините што се обработуваат и најголем број од наставниците планираат и реализираат диференцирани цели и диференцирани активности.<br><br>На почетокот на учебната година во рамки на родителските средби, родителите и учениците соодветно се запознаваат и се информираат за наставните планови и програми кои ќе се реализираат во тековната учебна година.<br><br>Во однос на обезбедување стручни обуки, училиштето тековно на наставниците им обезбедува обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Исто така училиштето во соработка со МОН и БРО задолжително според потребите и интересите на наставниците обезбедува минумум две, односно една задолжителна обука од каталогот на акредитирани обуки за наставниците во основните училишта според подрачја и |

| | | |
|---|---|---|
| | | компетенции. На овој начин наставниците навремено се информираат и обучуваат тековно согласно измените и иновациите во однос на планирањата со примена на современи методи и техники на планирање на наставата. За реализираните обуки наставниците добиваат сертификати. Исто така стекнатите знаења/компетенции од обуките, како и добри практики се споделуваат со другите колеги преку дисеминација, интерно во рамки на стручниот актив или сродни предмети, преку менторство како и неформално.<br><br>Од извештаите од посетата на часовите се констатира дека добар дел од наставниците користат дополнителни (различни) ресурси за настава и учење, не ограничувајќи се само на учебниците.<br><br>Според спроведената анкета со наставници, на тврдењето: ***Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата****, од вкупно 29 наставници, 23 или 79 % од наставниците целосно се согласуваат, 5 или 17 % од наставниците се согласуваат, а само 1 наставник (4 %) не се согласува.*<br><br><br><br><br>Следењето на планирањата на наставниците се одвива по претходно утврдени процедури и формулари од страна на директорот и педагогот (стручната служба) како пред почетокот, во рамки на законскиот рок, така и во текот на учебната година - најмалку два пати во едно полугодие се врши посета на час од страна на директорот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | педагогот (стручната служба) според однапред објавен распоред изготвен за посета на часови.<br><br>Според спроведената анкета со наставници, на тврдењето: ***Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието****, од вкупно 29 наставници, 27 или 93 % од наставниците целосно се согласуваат, 2 наставника или 7 % од наставниците се согласуваат.*<br><br><br><br><br>По посетата на часовите, според согледувањата, директорот и педагогот (стручната служба) даваат поддршка за подобрување преку индивидуален разговор соодветно со наставник, согласно потребите.<br><br>Според спроведената анкета со наставници, на тврдењето: ***Добивам пддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предемти****, од вкупно 29 наставници, 25 или 86 % од наставниците целосно се согласуваат, а 4 наставници или 14 % од наставниците се согласуваат.* |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>
</td></tr>
<tr><td></td><td>Размена на искуства и на информации при планирањето</td><td>Наставниците разменуваат искуства и информации при планирањето во рамки на стручните активи, преку дисеминација, преку менторство, а користат и стручни искуства од различни медиуми како и неформална размена на искуства и информаци во однос на планирањето.<br><br>Според спроведената анкета со наставници, на тврдењето: Во рамки на стручните активи раменуваме искуства за планирањата на чсовите, најмалку два пати во полугодието, од вкупно 29 наставници, 22 или 76 % од наставниците целосно се согласуваат, 7 наставника или 24 % од наставниците се согласуваат.<br><br>
<br><br>Од извештајот за работата на стручните активи (Стручен актив на одделенска настава, општествено-јазична и природно-математичка) може да се заклучи дека стручните активи активно работат во текот на целата учебна година од септември до јуни. По секој одржан час</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | или презентација се пишува извештај од каде се црпат информациите за состаноците и препораките. На реализираните нагледни часови и презентации се споделуваат добри практики, техники и современи методи и средства за работа во наставата.<br><br>Размената на искуства и информации, формално и неформално како и користењето стручни искуства од различни медиуми придонесува за тековно подобрување на планирањата на наставниците. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Закон за основно образование<br>• Статут на училиштето<br>• Стручна служба<br>• Електронски дневник<br>• Решенија за инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученик<br>• Изработени планирања, ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби<br>• Записници од состаноци на училишните тимови | Реализација на наставни планови и програми | Законот за основно образование децидно ги пропишува критериумите и начинот на реализација на воспитно-образовната дејност. Законот за основно образование и правилниците за работа донесени во согласност на МОН и БРО ја претставуваат законската рамка во која работи училиштето, наставниот кадар и по кои се одвива воспитно- образовната дејност. Статутот подетално ја регулира работата на училиштето ООУ „Ристо Крле” Кадино, општина Илинден - Скопје. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според препораките од МКФ (актуелно со општа поддршка, но наназад во одреден период и според ИОП).<br><br>Наставата во училиштето како во одделенска настава така и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случај на отсуство на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Директорот на училиштето обезбедува непречен наставен процес. Кога некој од колегите е отсутен, се обезбедува соодветна замена.<br><br>Стручната служба и одделенските раководители го следат внесот на податоци во електронските дневници и алармираат ако има потреба. |

| | | |
|---|---|---|
| за инклузија и инклузивните тимови за ученик<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Распоред на часови<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Анкети со наставници, ученици, родители<br>• Извештаи од посети на наставни часови | | Од записниците на одделенските совети и родителските средби се констатира континуирана грижа за учениците, реализација на Наставниот план и програма, соработка со родителите и локалната средина. |
| • Директор<br>• Стручна служба<br>• Водич за слободни изборни предмети<br>• Годишна програма<br>• Прашалник за родители<br>• Прашалник за ученици<br>• Прашалник за наставници | Избор на наставни предмети | Наставните предмети кои се задолжителни се реализираат според Наставниот план кој е пропишан од МОН и БРО според Концепција за основно образование и Кембриџ програмата.<br><br>Во анкетата во која се анкетирани 33 родители добиени се следните резултати:<br>Со тврдењето: ***Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот,*** 70% од родителите целосно се согласуваат.<br>Со тврдењето: ***Запознаен/а сум со со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности,*** 85% од родителите се согласуваат.<br>Со тврдењето: ***Изборните предмети/активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси,*** 64% од родителите целосно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| • Наставници<br>• Концепција за основно образование (МОН/БРО<br>• Прашалник за ученици<br>• Прашалник за наставници<br>• Прашалник за родители | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.<br><br>Редовно се користи платформата nastava.mk за учениците од вториот период (од четврто, петто и шесто одделение) за поуспешно усвојување на наставните содржини со примена на смарт таблите со кои е опремено училиштето.<br><br>За учениците со посебни образовни потреби се користат методи и техники според нивните индивидуални потреби. Специјалниот едукатор и рехабилитатор од ресурсниот центар на училиштето дава поддршка на наставниците согласно потребите и низ консултативни средби.<br><br>Со цел да се добијат дополнителни информации за оваа тема се користеа повеќе извори на податоци.<br><br>Се анкетираа 29 наставници со прашалник, на кој наставниците даваа одговори преку кои ги кажуваа своите ставови, во однос на понудените тврдења.<br><br>На тврдењето: ***Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците***, голем дел од наставниците 22 (76%), целосно се согласуваат дека е така, 7 (24%) од наставниците се согласуваат со ова тврдење. Ниту еден од испитаните наставници не се изјаснил дека не се согласува или воопшто не се согласува. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 33 родители на истото тврдење: **Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете**, 22 (67%) од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 8 (24%) одговориле дека се согласуваат, 2 ( 6%) одговориле дека не се согласуваат и 1 родител одговорил (Не знам/Немам информација).<br><br>На тврдењето од прашалникот кое се однесува на ресурсите за учење во училиштето: ***Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр.енциклопедии, списанија, интернет, модели),*** од анкетираните 33 родители, 23 (70%) одговориле дека целосно се согласуваат, 7 (21%) се согласуваат, 2(6%) родители не се согласуваат дека е така, додека 1 родител се изјаснил дека не знае/ нема информација дали е така.<br><br>Од извештаите од посетата на часовите се констатира дека најголем дел од наставниците користат дополнителни (различни) ресурси за настава и учење, не ограничувајќи се само на учебниците. |
| • Анкети со наставници, ученици, родители/старатели<br>• Дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители/старатели<br>• -Интервјуа со директорот, стручната служба | Интеракција меѓу наставниците и учениците и<br>учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголем број од наставниците обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите, стандардите на часот. Во процесот на поучување и учење се користат различни приоди, методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења, умееења и навики. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Најчесто применувани форми на интеракција се: поставување конструктивни прашања и задачи, практични активности, повратните информации, поттикнување на бура на идеи, поттикнување на самооценување од страна на учениците, дискусии со цел проверка на усвоеноста и разбирањето, доаѓање до самостоен заклучок или дискусии за одредена тема, индивидуална и индивидуализирана настава на |

| | | |
|---|---|---|
| | | определени часови, интернет. Сите овие форми се користат преку разни начини на соработка меѓу наставниците и учениците за да се постигне повисок степен на знаења и да се стимулираат индивидуалните способности на секој ученик. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет, на Одделенски совет.<br><br>Резултати од спроведената анкета со наставници:<br><br>На прашањето: ***На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив*** 18 или 62% се изјасниле дека целосно се согласуваат,3 или 11% се согласуваа.<br><br>На прашањето: ***Кон учениците се однесувам со почитување*** 29 или 100% целосно се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Ги разбирам проблемите и потребите на учениците*** 24 или 83% целосно се согласуваат, 5 или 17% се согласуваат.<br><br>Резултати од спроведената анкета со родители:<br><br>На прашањето: ***Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите*** 23 или 70% се изјасниле дека целосно се согласуваат,10 или 30% се изјасниле дека се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати*** 21 или 64% целосно се согласуваат, 11 или 33% се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд*** 22 или 67% целосно се согласуваат, 3 или 11% се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето: ***Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи*** 24 или 73% целосно се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)*** 23 или 70% целосно се согласуваат, 9 или 27% се согласуваат, 1 или 3% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете*** 20 или 61% целосно се согласуваат, 13 или 39% се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците*** 24 или 73% целосно се согласуваат 9 или 27% се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците*** 20 или 61% целосно се согласуваат, 12 или 36% се согласуваат, 1 или 3% немаат информација.<br><br>Резултати од спроведената анкета со ученици:<br><br>На прашањето: ***На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи)*** 29 или 64% целосно се согласуваат, 11 или 24% се согласуваат,5 или 11% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари*** 31 или 69% целосно се согласуваат,8 или 18% се согласуваат, 5 или 11% не се согласуваат и 1 или 2% воопшто не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Наставниците ме пофалуваат за мојот труд*** 32 или 71% целосно се согласуваат,9 или 20% се согласуваат, 3 или 7% не се согласуваат и 1 или 2% не се информирани. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето: ***Наставниците ме пофалуваат за моите резултати*** 28 или 64% целосно се согласуваат, 12 или 27% се согласуваат, 3 или 7% не се согласуваат и 1 или 2% воопшто не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците*** 37 или 82% целосно се согласуваат, 7 или 16% се согласуваат 1 или 2% не се согласува.<br><br>На прашањето: ***На часовите можам слободно да кажам што мислам*** 32 или 71% целосно се согласуваат, 12 или 27% се согласуваат и 1 или 2% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици*** 36 или 80% целосно се согласуваат, 8 или 18% се согласуваат 1 или 2% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците*** 34 или 76% целосно се согласуваат, 3 или 22% се согласуваат и 1 или 2% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник*** 36 или 80% целосно се согласуваат, 9 или 20% се согласуваат. |
| • Решенија за инклузивен тим на училиштето<br>• Изработени ИОП за учениците со посебни образовни потреби<br>• Записници од состаноци на училишните тимови | Реализација на образовна инклузија | Инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку зголемување на учеството во учењето, во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува модифицирање на образовните содржини, приоди, организација и стратегии за да се овозможи квалитетно образование за сите. Инклузивното образование подразбира дека сите деца, без оглед на нивните посебности, се вклучени и се прифатени. Инклузивното образование посебно внимание обрнува на вклучување на оние деца што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие, без |

| | | |
|---|---|---|
| за инклузија и инклузивните тимови за ученик | | оглед на нивните потенцијали или слабости во некои области, се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во животот на училиштето. Наставниците се рефлексивни практичари кои умеат да ја анализираат наставната ситуација и да направат адаптации кога е потребно. Наставникот го олеснува учењето преку охрабрување, поттикнување, интеракција и испитување со добри техники за испрашување. Наставниците кои предават на ученици со ПОП со или без образовен асистент изготвуваат и го прилагодуваат наставниот план и програма според нивните способности, а по потреба, се користи диференциран и индивидуализиран пристап за ученици со потешкотии во учење. За време на наставата образовниот асистент помага за полесно совладување на наставната содржина и полесно усвојување. Се користат различни методи и техники, помагала, наставни нагледни средства, како и сензорна соба за индивидуализиран пристап (ресурсен центар Иднина).<br><br>При запишување во прво одделение, од страна на стручната служба или со веќе приложена МКФ проценка, се евидентираат ученици со посебни образовни потреби. Потребно е да се напомене дека и во текот на образовниот процес, од страна на наставниците, може да се забележат ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини или се со посебни образовни потреби. На овие ученици им се дава еднаква можност во учење и создавање на емоционална клима на прифатеност од другите соученици. Во училиштето постои училишен инклузивен тим од 7 члена и Програма за работа на инклузивниот тим, како и инклузивен тим со членови за ученик ИТУ, (односно за секој ученик посебно) и програма за истиот. Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа. ПОУРЦ „Иднина“ – Скопје е надлежно и за нашата Општина како ресурсен центар. Преку ресурсниот центар обезбедени се 2 (два) образовни асистенти за ученици со проценка според МКФ. За еден од учениците до 2023 |

| | | |
|---|---|---|
| | | година се изработуваше ИОП, а во моментов тројца ученици се со општа подршка. Наставниците соработуваат со целиот инклузивен тим на ученикот. Наставниците имаат посетено повеќе обуки за инклузија во образованието. Образовните асистенти во нашето училиште имаат одлична соработка со наставниците, со родителите и со целиот инклузивен тим. Образовните асистенти, во соработка со одделенските наставници и ресурсниот центар Иднина, постојано организираат работилници, спортски активности, учества во одбележување на Денот на Училиштето и слични активности. Резултати од спроведената анкета со наставници:<br><br>На прашањето: ***Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците***, 22 или 76% целосно се согласуваат, 7 или 24% се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Успешно соработувам со образовните асистенти*** целосно се согласувам одговорија 22 или 76%, се согласувам 4 или 14% и не знаат или не се информирани 3 или 10%.<br><br>На прашањето: ***Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето*** целосно се согласувам одговориле 22 или 76%, а 7 или 24% се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучувам во училишните активности*** 21 или 72% одговориле дека целосно се согласуваат, 7 или 24% се согласуваат.<br><br>Резултати од спроведената анкета со родители:<br><br>На прашањето: ***Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете*** целосно се согласуваат одговориле 22 или 67%, се согласуваат 8 или 24%, 2 не се согласуваат или 6% и 1 или 3% немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето: ***Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици*** 26 или 79% одговориле дека целосно се согласуваат, 6 или 18% дека се согласуваат и 1 или 3% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете*** 20 или 61% одговориле дека целосно се согласуваат, 12 или 36% се согласуваат 1 или 3% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете*** 20 или 61% одговориле дека целосно се согласуваат, 11 или 33% се согласуваат, 1 или 3% не се согласува и 1 или 3% немаат информација.<br><br>Резултати од спроведената анкета со ученици:<br><br>На прашањето: ***Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици*** 40 или 89% одговориле дека целосно се согласуваат, 4 или 9% се согласуваат и 1 или 2% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми*** 32 или 71% одговориле дека целосно се согласуваат, 6 или 13% се согласуваат, 5 или 11% не се согласуваат, 2 или 4% воопшто не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците*** целосно се согласувам одговориле 34 или 76%, 10 или 22% се согласуваат 1 или 2 % не се согласуваат. |
| • Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ) | Активности за меѓуетничка интеграција во образованиет о | Наставниците во нашето училиште остваруваат пријателски однос со учениците и се однесуваат кон нив со почит и грижа, што придонесува за развој на претставата за себе кај секој ученик и за подобрување на учењето. Интеракцијата на наставниците и нивните очекувања од учениците се во согласност со нивниот развој и учење. Наставникот |

| | | |
|---|---|---|
| • Извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција, вклучително и заеднички наставни часови | | во текот на денот често стапува во интеракција со секој ученик индивидуално, помагајќи му да стане посигурен и стимулирајќи го неговото учење и развој. Училиштето искажува позитивни перцепции и ставови за влијанието на реализираните активности за меѓуетничка интеграција. Позитивно ја вреднува и промовира родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност. Планира заеднички наставни и/или воннаставни активности со партнер училиштето за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Учениците без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата, учат да ја почитуваат сопствената, култура и традиција како и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија. Учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, истражувачки проекти, заеднички воннаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри итн. Целта е поголемо меѓусебно дружење, истражување, позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, градење чувства на толеранција и соживот. Секој одделенски раководител и сите предметни наставници во училиштето во склоп на предметот кој го предаваат планираат и реализираат интегрирани активности од МИО. Во учебната 2023/24 година МИО тимот од нашето училиште беше гостин на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" - Центар Жупа по повод Ден на турската азбука. Помеѓу двете училишта беше потпишан меморандум за соработка и во знак на пријателство беше одигран спортски натпревар во фудбал. Овој меморандум е значаен чекор за зацврстување на врските и заедничките активности. Овој документ ја утврдува спогодбата за соработка помеѓу училиштата, ги одредува целите и активностите кои ќе се спроведуваат за подобрување на меѓуетничката интеграција и обогатување на образовниот процес.<br><br>Резултати од спроведената анкета со наставници: |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето: ***Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план*** целосно се согласувам одговориле 22 или 76% и 7 или 24% се согласуваат.<br><br>Резултати од спроведената анкета со родители:<br><br>На прашањето: ***Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици*** 11 или 33% одговориле дека целосно се согласуваат, 5 или 15% се согласуваат, 5 или 15% не се согласуваат, 2 или 6% воопшто не се согласуваат и 10 или 30% немаат информација.<br><br>На прашањето: ***Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго*** 27 или 82% одговориле дека целосно се согласуваат, 2 или 6% се согласуваат, 1 или 3% не се согласува, 1 или 3 % воопшто не се согласува и 2 или 6% немаат информација.<br><br>На прашањето: ***Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците*** 23 или 70% одговориле дека целосно се согласуваат, 8 или 24% се согласуваат и 2 или 6% не знаат, не се информирани.<br><br>Резултати од спроведената анкета со ученици:<br><br>На прашањето: ***Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)*** 15 или 33% одговориле дека целосно се согласуваат, 17 или 38% се согласуваат, 5 или 11% не се согласуваат, 5 или 11% воопшто не се согласуваат и 3 или 7% немаат информација.<br><br>На прашањето: ***Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици*** 35 или 78% одговориле дека целосно се согласуваат, |

| | | |
|---|---|---|
| | | 7 или 16% се согласуваат, 2 или 4% не се согласуваат и 1 или 2 % не се информирани.<br><br>На прашањето: ***Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици*** 40 или 89% одговориле дека целосно се согласуваат, 4 или 9% се согласуваат и 1 или 2% не се согласуваат.<br><br>На прашањето: ***Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одгова рање), како и другите ученици*** 37 или 82% одговориле дека целосно се согласуваат, 8 или 18% се согласуваат. |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците<br>• Разговори во фокус групи со ученици,родители/старатели и наставници<br>• Разговор со стручна служба<br>• Увид во ученичките досиеја<br>• Увид во евиденцијата на стручните соработници | Средина и атмосфера за учење | Најголемиот број од учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што придонесува и ги поттикнува учениците за учење. Во нашето училиште 90 % од училниците се технички опремени, односно во секоја училница има смарт табла која ни ја олеснува работата и учењето на наставниците и учениците, ни возможуваат дигитален пристап кон учебниците и многу други поволности кои ни ги нуди самата табла. Учениците се задоволни од изгледот на училниците и другите простории во училиштето и сметаат дека тие се во уредна состојба. Учениците и самите учествуваат во нивното уредување и на тој начин даваат личен белег на истите, па така, училниците стимулирачки и мотивирачки делуваат на нив и поттикнуваат интерес и желба за учење. Трудовите на учениците редовно се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата, на паноа во холот), почитувајќи ги естетски норми. Изработките редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива |

| | | |
|---|---|---|
| | | можност да има изложен труд, како и можност сите да ја видат неговата изработка. Со трудовите на учениците се разубавуваат училниците и холот на училиштето, се мотивираат учениците и развива нивната креативност и натпреварувачки дух. Трудовите и изработките на учениците редовно се изложуваат на фејсбук страницата и веб страната на училиштето.<br><br>Од анкетата со ученици на тврдењето: ***Содржината од наставните предмети станува поинтересна со нашите наставници,*** 89,56% од учениците се согласуваат.<br><br>Од анкетата со родители на тврдењето: ***Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете,*** 93,8% од родиелите се согласуваат. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели и стандардите на постигања. При уписот во прво одделение училишниот педагог и одделенските наставници од прво одд. преку игра и прашања ги следат учениците и уште на самиот почеток го определуват нивниот квантум на знаења и даваат мислење за нивните образовни потреби. Доколку воочат одредени потешкотии во развојот ги анализираат, разговараат со родителот и прават напори за да им помогнат истите да ги надмнат. Ако има потреба се бара мислење и од стручно лице. Во натамошниот период на школувањето, образовните потреби на учениците и нивниот напредок, се следат од одделенските, а потоа и од предметните наставници, а по потреба и од стручната служба на училиштето. За таа цел се применуваат тестови, наставни листови, контролни задачи, листи за аналитичко и описно оценување. Во училиштето имаме Инклузивен тим кој работи на подобрување на успехот на учениците кои имаат посебни образовни потреби , за кои се изработени ИОП во изминатиот период или општа поддршка согласно актуелната препорака од МКФ, а за некои од нив и дополнителна |

| | | |
|---|---|---|
| | | подршка - образовни асистенти. Зависно од различните потреби на учениците, наставниците настојуваат да им овозможат секој да учи според стилот на учење кој најмногу му одговара, со цел да се извлече максимумот од она што може да го постигне. Најнапред се запознава учениковата личност, неговите можности, потреби, желби и афинитети. Наставниците користат различни интерактивни техники, обезбедуваат или даваат насоки за потребните материјали за работа и напатствија за нивно користење, обезбедуваат задачи според способностите на учениците, ја следи работата, врши проверка н сработеното и усвоеното.<br><br>Исто така, постои и систематска комуникација со колегите, со класниот раководител т.е. одделенскиот наставник. При оценувањето ги поттикнуваат и охрабруваат за понатамошно ангажирање без да се потценуваат дека не можат да постигнат како другите.<br><br>За задоволување на потребите на учениците, а согласно законот нашето училиште перманентно организира дополнителна и додатна настава, како и слободни активности во кои учениците учествуваат според своите способности, желби и афинитети.<br><br>Ученичката заедница и Ученичкиот парламент активно работат и се ангажираат со различни активности со што дополнително позитивно влијаат за задоволување на потребите на учениците.<br><br>Од спроведената анкета со наставници на тврдењето: ***Ги разбирам проблемите и потребите на учениците,*** 100% од наставниците се согласуваат.<br><br>Од спроведената анкета со родители на тврдењето: ***Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи***, 97.8 % од родителите се согласуваат. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| • Програма за работа на училиштето<br>• Критериуми за оценување и стандарди за постигањата на учениците<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците<br>• Инструменти за следење на ученици со ПОП<br>• Користени иструменти за оценување (тестови на знаење, контролни и писмени работи, чек листи)<br>• Ученички портфолија<br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записници од стручни активи<br>• Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава<br>• Анкети со наставници, ученици и родители/старател | Училишна политика за оценување | Оценувањето на постигањата на учениците е сложен процес, но сепак значаен и неопходен. Во нашето училиште при оценување на учениците се применуваат законските прописи кои го регулираат истото. Оценувањето, по секој наставен предмет, се врши според стандарди и критериуми за оценување пропишани од БРО на РСМ. Со истите, учениците се запознаени на почетокот на учебната година, а родителите се информирани за време на родителските средби. Учениците со посебни образовни потреби се оценуваат според планираните цели во Индивидуалниот образовен план или Модифицираната програма.<br><br>Учениците се оценуваат бројчано и описно врз основа на усно и писмено проверување на постигањата. Учениците од I до III одделение се оценуваат описно, од IV до VI одделение се оценуваат описно на првиот, вториот и третиот класификационен период и бројчано на крајот на учебната година. Учениците од VII до IX одделение се оценуваат само бројчано. Оценувањето на учениците се врши со континуирано следење, проверување и вреднување на напредокот и постигањата, формативно оценување и со сумативно оценување (на крајот на определена наставна целина или на даден временски период- тримесечје, полугодие, крај на учебна година). Наставниците ги користат резултатите од формативното и сумативното оценување за да оформат оценка за тековните постигања.<br><br>Резултатите од анкетите покажуваат различни аспекти на задоволство и перцепција за училишната политика за оценување. Голем дел од родителите (84%) се согласуваат дека наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет, а 100% од анкетираните родители се согласуваат дека нивните деца се оценувани според исти критериуми како и останатите ученици. Ова покажува дека родителите генерално имаат доверба во праведноста и транспарентноста на процесот на оценување. Сепак, 85% од учениците се согласуваат дека оценувањето на учениците е праведно, додека 16% од учениците |

| | | |
|---|---|---|
| • Полугодишни и годишни извештаи за работа на училиштето | | не се согласуваат. Ова укажува на потреба од подобрување на перцепцијата на учениците за праведноста на оценувањето меѓу учениците од страна на наставниците. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Сите наставници континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дискусии и слично. Оттука, дбиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Наставниците го користат и методот на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците како и ученички портфолија за секој ученик. Според резултатите од анкетите сите наставници (100%) се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците, а со тоа се согласуваат и најголемиот дел од учениците (98%). Ова укажува на високо ниво на флексибилност и адаптивност во процесот на оценување, што е важно за задоволување на различните потреби на учениците. Исто така, сите наставници (100%) се согласуваат дека редовно ги вклучуваат учениците во процесот на оценување преку самоценување, меѓусебно оценување и градење критеруми. Ова укажува на високо ниво на ангажираност и учество на учениците во процесот на оценување, што може да помогне за подобрување на нивната самосвест и одговорност.<br><br>Сите наставници се согласуваат дека им кажуваат на учениците што добро научиле и што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања. Наставниците со соопштување на оценката, истата ја образложуваат и објасуваат зошто ученикот ја добил таа оценка. Со оваа констатација се сложуваат поголемиот дел од учениците (89%). Ова укажува на високо ниво на транспарентност и поддршка во процесот на учење, што е важно за мотивирање и насочување на учениците. |

Овие резултати покажуваат дека наставниците успешно користат различни методи, форми и инструменти за оценување обезбедувајќи квалитетно оценување на учениците. Сепак, важно е да се продолжи со континуирано подобрување и усовршување на овие процеси за да се обезбеди потребната поддршка и внимание за сите ученици.

Коефициент на континуитет на успехот на учениците

| Учебна 2021/2022 | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **7 одд.** | **8 одд.** | **9 одд.** |
| **Среден успех на полугодие** | **4,21** | **3,89** | **3,76** |
| **Среден успех на крај** | **4,25** | **4,37** | **4,24** |
| **Коефициент** | **0,99** | **0,89** | **0,89** |

| Учебна 2022/2023 | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **7 одд.** | **8 одд.** | **9 одд.** |
| **Среден успех на полугодие** | **3,91** | **3,89** | **3,76** |
| **Среден успех на крај** | **4,28** | **4,28** | **4,53** |
| **Коефициент** | **0,91** | **0,91** | **0,83** |

| Учебна 2023/2024 | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **7 одд.** | **8 одд.** | **9 одд.** |
| **Среден успех на полугодие** | **4,16** | **3,90** | **3,99** |
| **Среден успех на крај** | **4,49** | **4,29** | **4,42** |
| **Коефициент** | **0,92** | **0,91** | **0,9** |

Според статистиките кои се пополнуваат за секое тримесечје, за полугодие и крај на учебната година, се следи коефициентот на континуитетот на постигнатиот успех на учениците. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на крајот на годината речиси секаде е над 0,9.

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците подготвуваат извештаи и анализи по класификациони периоди. Тие редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Сите информации добиени од оценувањето наставниците ги користат за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.<br><br>Родителите редовно се информирани за успехот, постигањето и напредокот на своите деца преку родителски средби, индивидуални средби, примени денови и е-дневник. Наставниците водат грижа за подобрување на успехот кај учениците, а тоа го прават така што редовно ги информираат учениците и родителите, посочувајќи им и преземајќи начини за да се се подобри успехот и да ги постигнат своите очекувања. За ова потврдуваат и најголемиот дел од учениците (93%). Сите (100%) од анкетираните родители додаваат дека наставниците им даваат и насоки на учениците како подобро да учат.<br><br>Најголемиот дел од родителите (97%) се согласуваат дека на нивното дете му е овозможена дополнителна и додатна настава, доколку има потреба од тоа.<br><br>Најголемиот дел од учениците (91%) се согласуваат дека наставниците редовно ги известуваат за своите постигнувања и начините за нивно подобрување, додека 7% не се согласуваат. Ова укажува дека има простор за подобрување во однос на редовното информирање и поддршка на учениците. Подобрувањето на комуникацијата и вклучувањето на учениците во процесот на учење може да помогне во постигнување на поинклузивна и поддржувачка училишна средина. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| • Годишни програми<br>• Годишни извештаи<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Наставни планови и програми<br>• Електонски дневник<br>• Разговор со стручна служба | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонннаставни активности | Училиштето планира и реализира воннаставни активности прилагодени според потребите и можностите на учениците. Суштината на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Со овие активности се развива љубопитноста, истражувачкиот дух, дружењето со ученици од други одделенија и други училишта, меѓусебната соработка, солидарност и сл.<br><br>За воннаставните активности изработена е програма за реализирање на наставните содржини за: слободни ученички активности, здравствено образование, работа на училишната заедница, соработка со локалната средина, планирани екскурзии, учество на натпревари, додатна и дополнителна настава.<br><br>Процедурите за изведување на екскурзиите (цели, содржини, ктритериуми, начин на реализација) се уредени со посебен правилник донесен од МОН и се подготвени програми за нивна реализација.<br><br>Учениците во воннаставните активности учествуваат по сопствен избор. Во текот на изминатите две години се организирани следните воннаставни активности:<br>• Училишен спорт<br>• Секции и слободни ученички активности<br>• Ученички натпревари<br>• Општествено-хуманитарна работа<br>• Еко патроли<br>• Е – twinning проекти<br><br>Во училиштето се реализираат воннаставни активности по следните предмети: музичко и ликовно образование, македонски јазик и литература, информатичка технологија, историја, математика, странски јазици (англиски), хемија, биологија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето остварува успешна соработка на меѓународно ниво преку активности од фолклорен карактер во соработка со учениците и нивните родители.<br><br>Успешно се реализира и истакнува младинскиот активизам за теми кои ги засегаат младите и дебатирање на парламентарна говорница на тема „Замена на печатените учебници со електронски“<br><br>Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат успеси и високи резултати на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи, медали. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Секој ученик е вклучен во најмалку една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност.<br><br>Сите овие активности им се еднакво достапни на сите ученици без разлика на полот, нивната национална припадност или нивниот социо-економски статус и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.<br><br>Од увидот во педагошката документација (Додатоци на свидетелства) се констатира дека опфатените ученици се евидентирани со списоци во педагошко-психолошката служба.<br><br>Училиштето за афирмирање на воннаставните активности ги користи различните медиуми како интернет страна, социјални мрежи, ученичко катче, брошури и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонnаставните активности | Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Преку согласност од ученикот и родителот сите ученици се опфатени во воннаставните активности, според нивните предиспозиции, интереси и физички способности. Како резултат на вклучувањето во вонучилишните активности, училиштето се има здобиено со бројни дипломи и признанија.<br><br>Учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето и се вклучуваат во истите според сопствен избор. Во училиштето се реализираат воннаставни активности според интересите на учениците и учениците се вклучуваат целосно во планирање на овие активности. Согласно спроведената анкета дел од наставниците планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците. Во училиштето во тек е изготвување на пишана процедура за вклучување на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности. |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари според утврден правилник за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.<br><br>Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи и признанија.<br><br>Резултати од анкета - наставници: На учениците им давам насоки како поуспешно да учат - 100% од наставниците одговориле -се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати од анкета - ученици: Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари - 93,84 % од учениците одговориле - се согласувам, 4,96% - не се согласувам.<br><br>Училиштето е посебно гордо на учениците кои не промовираат на локално, регионално, државно и меѓународно ниво со нивните постигања. Јавно се пофалени на веб страната и на facebook училишна страна. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Ристо Крле“ - Кадино, општина Илинден успешно се реализира со соодветни планирања од страна на наставниците и нивно квалитетно имплементирање во наставниот процес, а следено од директорот и стручната служба (педагогот). (Само во однос на дневните планирања има незначителен број примери со забелешки во однос на планирање дневно оперативен план за реализација на час и во одреден сегмент во однос на диференцираниот пристап во наставата).

Од сите учесници во воспитно-образовниот процес, во секој сегмент се внимава да се даде целосна соодветна поддршка и помош како во однс на планирањата така и при реализација на наставата.

Од увидот во Е-дневник е констатирано дека наставата во одделенска и предметна настава се реализира редовно, во пропишаниот обем и според распоредот на часови. Педагошката евиденција и е-дневникот се води уредно.

При реализација на планираните содржини наставниците вршат адаптација согласно индивидуалните потреби на учениците и ги прилагодува наставните методи на темпото на работа и можностите на учениците.

Училиштето е солидно опремено со современи наставни помагала, смарт табли кои овозможуваат соодветно реализација на воспитно-образовниот процес со примена на различни методи, техники и материјали.

Оценувањто во училиштето се одвива со почитување на стандардите за оценување, а родителите и учениците се запознаени и информирани со критериумите за оценување. Наставниците даваат соодветна кокретна повратна информација за подобрување на постигањата учениците.

Освен во редовната настава, учениците со интерес, активно земаат учество и во различни вонаставни активности и натпревари на кои постигнуваат значителни резултати.

**Силни страни**

- Бројни успешно реализирани воннаставни активности од различен карактер со активна соработка пред се со родителите и локалната средина
- Младински активизам за теми кои ги засегаат младите и дебатирање на парламентарна говорница на тема „Замена на печатените учебници со електронски“
- Опременост на училиштето со смарт табли и ИКТ опрема и нивна примена во наставниот процес во одделенска и предметна настава за реализација на наставата
- Редовно користење на платформата nastava.mk за учениците од четврто, петто и шесто одделение за поуспешна реализација на наставата и полесно совладување и усвојување на наставните содржини
- Соработка на училиштето на меѓународно ниво преку фолклорни активности во соработка со учениците и родителите

**Слаби страни**

- Примери на дневнно оперативен план за реализација на час со недоволна застапеност на сите елементи во дневното планирање
- Недоволна застапеност на диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата со диференциран пристап

**Приоритети**

- Соодветно планирање со застапеност на сите елементи во дневните оперативни планови кај сите наставници, а не само кај најголемиот број наставници
- Планирање и реализација на наставни часови со диференциран пристап кај сите наставници, а не само кај најголем број наставници

# ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците

**Координатор: Јасминка Тодоровска**

**Членови на тимот:** Јованче Бизимоски, Јасмина Ѓорѓиевска Стеванова, Валентина Васевска, Марија Зоксимовска, Викторија Арсовска.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.1. | **Постигања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| 2.2. | **Мерки за подобрување на постигањата** | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Училишни програми и извештаи<br>• Самоевалуација<br>• Записници од стручните органи на училиштето<br>• Извештаи од стручната служба<br>• Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето<br>• Досиеја на учениците<br>• Интервју со директор и стручна служба<br>• Анализи на успехот на учениците | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик. Според етничката припадност најголем број од учениците се Македонци, мал број се Срби, Роми и останати етникуми. Училиштето промовира уверување (докази) дека учениците без разлика на етничка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности.<br><br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети по класификациони периоди.<br><br>Кај успехот на учениците на крај на првото полугодие од учебните 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 год. се забележува дека процентот на машки ученици е поголем од процентот на женски ученици од различна етничка припадност кои учат во нашето училиште.<br><br>Од извршената споредба на успехот на учениците според полот се забележува дека процентот на одличните ученички, |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците<br>• Записници од стручните органи на училиштето<br>• Извештаи од стручната служба<br>• Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето<br>• Досиеја на учениците<br>• Интервју со директор и стручна служба<br>• Е-дневник<br>• Анализи на успехот на учениците | | односно девојчиња во сите години е повисок од оној на момчињата<br><br>Средниот успех за крајот на учебната година 2021/2022 од IV - IX одд е (3,93), додека за учебната 2022/2023 од IV - IX одд. (4,18), Најмногу од учениците се со многу добар успех. Средниот успех по предмети во учебната 2022/2023 година прикажува дека најслаб успех учениците имаат по предметот Физика (2,86), а најдобар успех имаат по предметот проекти од Вештини на живеење (4,89). Средниот успех по предмети во учебната 2023/2024 година прикажува дека најслаб успех учениците имаат по предметот Физика (2,82), а најдобар успех имаат по предметот Проекти од музичка уметност (4,94). |
| | Резултати од екстерни тестирања | Нашето училиште беше избрано како едно од 90-те училишта од РСМ во примерокот за преттестирање за државното тестирање во 2023 година. |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците<br>• Интервјуа со стручна служба<br>• Медицинска документација на ученици<br>• ИОП<br>• Прашалници од наставници, ученици и родители<br>• Записници од Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Наставнички совети<br>• Табеларни прегледи по тримесечја и квалификациони периоди за постигањата на учениците<br>• Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување<br>• Евидентни листови за постигањата на успехот на учениците<br>• Увид во педагошка евиденција и во документација | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Комисијата за упис на првачиња во најголем дел ги идентификува учениците со тешкотии при самииот упис. Учениците со потешкотии исто така се идентификувани и врз основа на доставена медицинска документација при упис на надарените ученици и на учениците со попреченост во прво одделение, како и во текот на школувањето. Доколку увиди некакви потешкотии, комисијата за упис на првачиња ги упатува учениците на проценка во МКФ.<br>Наставниците успешно ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и на истите им пружаат соодветна поддршка и насоки за нивно надминување/усовршување, преку реализирање на дополнителна, додатна настава како и специјални ИОП програми за одредени ученици.<br><br>Континуирано се следи напредокот на учениците, а подлабоки анализи се прават на класификационите периоди, при што се донесуваат предлог мерки за подобрување на постигнувањата на учениците. За таа цел се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. Најголем број од наставниците обезбедуваат поддршка на учениците со потешкотии во учењето, а учениците со посебни образовни потреби без исклучок работат со општа поддршка во учењето и диферециран пристап во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| • Покани за родителски состаноци за секој квалификационен период за постигањата на учениците<br>• Записници од индивидуални средби со родители во печатена форма и во Е-дневник<br>• Распоред со термини за консултации со родители | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и постапува по истиот. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик индивидуално. Континуирано ја следи и редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата (оправдано/неоправдано) и навремено превзема мерки за подобрување на редовноста на учениците, советување на родители поради оправдано и неоправдано отсуство од настава, индивидуални повикувања и разговори со родители, доставување на покани и одење на терен.<br>Стручната служба т.е педагогот на училиштето повикувајќи се на Законот за основно образование член 76, 77 и 78 редовно одржува советување на родители/старатели и ученици. Може да се забележи дека бројот на повикани родители/старатели и ученици за советување се намалува од година за година.<br>Во училиштето наставниците ги подобруваат постигањата на учениците преку организирање дополнителна настава за учениците кои што покажуваат послаби резултати при реализацијата на наставните содржини, додатна настава со ученици кои покажуваат интерес по предметите, а постигањата се подобруваат и на часовите по слободна активност. Исто така, подобрување на постигањата на учениците се врши со изведување на научни екскурзии и посети на објекти и институции поврзани со наставните содржини.<br>Според обработените информации т.е анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители се дојде до следниов заклучок:<br>Во анкетниот прашалник за наставници учествувале 29 наставници. Од понудените одговори на наставниците очигледно е задоволството на истите од заинтересираноста на |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите за своите деца. Наставниците се трудат да го дадат својот максимум во својата работа и исполнувањето на своите должности, затоа соработката со родителите е на задоволително ниво.<br>Во анкетниот прашалник за ученици учествувале 45 ученици. Во најголем процент учениците се задоволни од училишната клима, од наставниците и од нивните вложувања.<br>Во анкетниот прашалник за родители учествувале 33 родители. Во однос на добиените одговори на родителите, најголем е процентот на родители кои се задоволни од соработката со наставниците за подобрување на успехот на нивните деца, во однос на добивање информации од наставниците, но и за држење на часови за дополнителна настава за послаби ученици и додатна настава за подобрите ученици.<br>Она што загрижува во однос на родителите и учениците е:<br>-Непочитување на препораките дадени од страна на Одделенскиот раководител и Стручната служба на училиштето до учениците и нивните родители /старатели за приоритетите и неопходноста од посета на редовна настава.<br>-Поголем дел од учениците се индиферентни и рамнодушни околу подобрување на својот успех и поведение<br>-Недоволна заинтересираност на родителите на учениците кои послабо напредуваат за успехот и поведението на своето дете, а со тоа и слаба посетеност од нивна страна како на родителски средби така и на отворен ден. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Извештаи на училиштето<br>• Увид во педагошката евиденција и во документација<br>• Анализи на успехот<br>• Покани за советување на родители/старатели<br>• Програма за советување на ученици и родители<br>• Записници од одржани советувања со родителите/старателите<br>• Самоевалуација<br>• Записници од стручните органи на училиштето<br>• Е – дневник<br>• Распореди и списоци за дополнителна настава<br>• Програми за работа на училиштето<br>• Интервју со директорот, стручната служба и наставниците<br>• Известувања на училиштето до | Редовност во наставата | Училиштето има утврден систем (според полот, етничка припадност и социјалното потекло) за известување на родителите за напредокот на нивните деца и постапува по истиот. Континуирано ја следи и редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата (оправдано/неоправдано) и навремено превзема мерки за подобрување на редовноста на учениците, советување на родители поради оправдано и неоправдано одсуство од настава, индивидуални повикувања и разговори со родители, доставување на покани и одење на терен.<br>Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик индивидуално.<br>Стручната служба т.е педагогот на училиштето повикувајќи се на Законот за основно образование член 76,77 и 78 редовно одржува советување на родители/старатели и ученици. Може да се забележи дека бројот на повикани родители/старатели и ученици за советување се зголемува од година за година.<br>Во училиштето наставниците ги подобруваат постигањата на учениците преку организирање дополнителна настава за учениците кои што покажуваат послаби резултати при реализацијата на наставните содржини, додатна настава со ученици кои покажуваат интерес по предметите, а постигањата се подобруваат и на часовите по слободна активност. Исто така, подобрување на постигањата на учениците се врши со изведување на научни екскурзии и посети на објекти и институции поврзани со наставните содржини. |

| | | |
|---|---|---|
| надлежните органи (МОН и<br>• Државен просветен инспекторат – ДПИ)<br>• Записници од средбите со родителите и локалната самоуправа<br>• Известувања до Центарот за социјални грижи и надлежен орган<br>• Записници од советувања на ученици<br>• Месечен распоред на дополнителна настава и на Веб - страна на училиштето<br>• Квартални, полугодишни и годишни извештаи за постигањата на учениците | | Според обработените информации т.е анализа на резултатите од анкетите за наставници, ученици и родители се дојде до следниов заклучок:<br>Во анкетниот прашалник за наставници учествувале 29 наставници. Наставниците се трудат да го дадат својот максимум во својата работа и исполнувањето на своите должности.<br>Во анкетниот прашалник за ученици учествувале 45 ученика. Во најголем процент учениците се задоволни од училишната клима, од наставниците и од нивните вложувања. По однос на последното прашање, мал број на учениците се изјаснија дека од одредени ученици доживуваат несоодветно однесување, како навреди и омаловажување. За истите ќе се вложи труд и ќе се разговара за подобрување на нивното однесување.<br>Во анкетниот прашални за родители учествувале 33 родители. Во однос на добиените одговори на родителите, најголем е процентот на родители кои се задоволни од соработката со наставниците за подобрување на успехот на нивните деца, во однос на добивање информации од наставниците, но и за држење на часови за дополнителна настава за послаби ученици и додатна настава за подобрите ученици. Секако дека е потребно подобрување, така покажа и анализата на добиените одговори според процентите на добиените одговори.<br>Она што загрижува во однос на родителите и учениците е:<br>-Непочитување на препораките дадени од страна на Одделенскиот раководител и Стручната служба на училиштето до учениците и нивните родители /старатели за приоритетите и неопходноста од посета на редовна настава.<br>-Поголем дел од учениците се индиферентни и рамнодушни околу подобрување на својот успех и поведение<br>-Недоволна заинтересираност на родителите на учениците кои послабо напредуваат за успехот и поведението на своето дете а со тоа и слаба посетеност од нивна страна како на родителски средби така и на отворен ден. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничка припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедува зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите, локална самоуправа, граѓанските организации и Центар за социјални работи за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, вршени се посети на домот од страна на одделенски раководители и стручни соработници, испраќани се покани до родителите/ старателите кои се повикани на советување и доставени се извештаи до ДПИ за нередовно посетување на наставата и овие мерки кај најголем број ученици дадоа резултати.. Најголем дел од родителите се изјасниле дека континуирано се информирани за редовноста на нивните деца.<br>Советувањето во училиштето се врши врз основа на ориентационен план за одржување на советувањата изготвен од страна на педагогот на училиштето согласно Програмата за соодветен формулар.<br>Најголем дел од наставниците им даваат соодветни насоки на учениците како да го совладаат предвидениот материјал идентификувајќи ги учениците со потешкотии како и надарените ученици за што говорат и резултатите од спроведените анкети за наставници, родители и ученици. Голем дел од учениците се изјасниле дека не се согласуваат со тоа дека наставниците се обидуваат да им го објаснат материјалот на различни начини кога истиот не можат да го совладаат. Училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференциран пристап. Најголем дел од родителите и учениците се изјасниле дека наставниците овозможуваат дополнителна настава за подобрување на успехот на учениците доколку има потреба од тоа. Наставниците изготвуваат годишен план за реализација на дополнителна настава, а училиштето, на месечно ниво, изготвува распоред за дополнителна настава за учениците од трето, шесто, седмо, осмо и деветто одделение и истиот го истакнува на огласната |

| | | |
|---|---|---|
| | | табла во училиштето и на училишната веб-страна. Останатите одделенија кои следат настава по новата Концепција за основно образование дополнителната настава се изведува во рамките на пет часовен престој во училиштето. Наставниците водат евиденција за реализираната дополнителна настава според Правилник за водење педагошка евиденција. Најголемиот број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во училиштето се врши анализа и се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи со кои се утврдува подобрувањето на постигањата на учениците преку дополнителна и диференцирана настава.<br>По одредени наставни предмети за материја за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици организира дополнителна настава, поддршка за да ги постигнат очекуваните резултати. Оваа поддршка покрај проценката на наставникот е и барање на ученик или родител. Родителите се навремено известени за одржувањето на дополнителната настава и одобрени од нивна страна со претходна потпишана согласност. Најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците преку дополнителна настава ги поттикнуваат во подобрување на нивниот успех.<br>На секој час може да бидат присутни различни ученици зависно од потребите. Присутните ученици се евидентираат во Е-дневник. |
| **Извори на податоци** | **Теми по индиктори** | **Информации кои се собрани** |
| • Е-дневник<br>• Записник од педагошка служба | Редовност во наставата | **Од приложената педагошка документација водена од страна на стручен соработник- педагог е евидентирана следната состојба:** |

- Педагошка евиденција од работата на стручен соработник-педагог
- Интервју со стручен соработник-педагог
- Годишен извештај за работа на училиштето
- Анкети наставници, ученици, родители/старатели

Табела 1. Број на изостаноци за предходни учебни години

| ИЗОСТАНОЦИ | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|
| ОПРАВДАНИ | 5413 | 5322 |
| НЕОПРАВДАНИ | 96 | 145 |
| ВКУПНО | 5509 | 5467 |

Табела 2. Број на изостаноци за предходни учебни години изразено во проценти

| ИЗОСТАНОЦИ ВО ПРОЦЕНТИ | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|
| ОПРАВДАНИ | 98,26% | 97,35% |
| НЕОПРАВДАНИ | 1,74% | 2,65% |
| ВКУПНО | 100% | 100% |

Од дадената табела јасно се гледа дека бројот на изостаноците, односно оправданите изостаноци и вкупниот број изостаноци се намалува во текот на овие две години, додека бројот на неоправданите изостаноци бележи зголемување споредбено со предходната учебна година.




**Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година?**

Од анкетираните родители се изјасниле 27% се согласуваат, а 70% целосно се согласуваат.




**Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете.**

Од анкетирани родители 82% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат,12% се согласуваат, додека незначителен број не се согласуваат или воопшто не се согласуваат.

Советување на родители/старатели и ученици




**Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете.**

Од анкетираните родители на прашањето Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете 18% се согласуваат,76% целосно се согласуваат,6%не се согласуваат и минимален број воопшто не се согласуваат.




**ИЗВЕШТАЈ ЗА СОВЕТУВАЊЕ СО РОДИТЕЛИ ЗА ПОСЛЕДИТЕ ДВЕ ГОДИНИ**

| Вид на советување | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Намален успех во учењето, негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период-едно тромесечие. | **1** | **/** |
| Нередовно посетување настава. | **1** | **/** |
| Несоодветно однесување во училиштето. | **/** | **2** |
| **Вкупно:** | **2** | **2** |

Во последните две учебни години, како што е прикажано реализирани се вкупно 4 советувања со родителите.

Во учебната 2022/2023 година реализирано е едно советување со родители за Намален успех во учењето, негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период-едно тромесечие за ученик во деветто одделение кој во првото тримесечие на учебната 2022/2023 година беше евидентиран со три слаби оценки.
За првото полугодие на учебната 2022/2023 реализирано е уште едно советување со родителите на ученик од 9 одд. за нередовно посетување на наставата, каде по завршување на првото полугодие од учебната 2022/2023 година беше евидентиран со 14 неоправдани изостаноци. Уредно доставена покана за двете средби и родителите навремено се јавија на советувањето.

Во учебната 2023/2024 година реализирани се две советувања за несоодветно однесување во училиштето за ученик од 6 одделение и

ученик од 2 одделение.

**Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете.**

Од анкетирани родители 70% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат, 24% се согласуваат и 6% не се согласуваат.

Подобрување постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

**Споредба на средниот успех по предмети за првото полугодие од учебните 2022/2023 и 2023/2024 година**

| Наставен предмет | Среден успех 2022/2023 | Среден успех 2023/2024 |
|---|---|---|
| Македонски јазик | 3,77 | 3,72 |
| Англиски јазик | 3,96 | 3,92 |
| Француски јазик | 3,89 | 3,91 |
| Математика | 3,01 | 3,32 |
| Историја | 3,95 | 4,04 |
| Географија | 3,09 | 3,31 |
| Биологија | 3,70 | 4,39 |
| Граѓанско образование | 4,22 | 4,32 |
| Хемија | 3,44 | 3,58 |
| Физика | 2,86 | 2,82 |

| | |
|---|---|
| **Ликовно образование** | **4,75** | **4,21** |
| **Музичко образование** | **4,76** | **4,72** |
| **Физичко и здравствено образование** | **4,58** | **4,59** |
| **Техничко образование** | **4,75** | **4,85** |
| **Информатика** | **3,53** | **3,63** |
| **Иновации** | **3,81** | **3,97** |
| **Етика** | **3,90** | **4,14** |
| **Вештини на живеење** | **4,89** | **/** |
| **Нашата татковина** | **4,66** | **4,47** |
| **Проекти од музичка уметност** | **4,93** | **4,94** |

Констатации од добиените податоци од извршената **споредба на успехот на учениците од шесто до деветто одделение по предмети:**

**- Од табелата јасно се воочува растот на успехот по скоро сите предмети во текот на две последователни учебни години освен за предметите:**

-Физика каде се бележи благо намалување на успехот во текот на трите учебни години;

-Ликовно образование каде што учебната 2023/2024 година е **намален** успехот на 4,21; и

- во сите три учебни години највисок е средниот упех по предметот Техничко образование од задолжителните предмети, додека од изборните предмети највисок успех има по предметот Проекти од музичка уметност.

Предметот Биологија бележи зголемување на просечниот успех и учебната 2023/2024 изнесува 4,39.

- на крајот на првот полугодие во учебната 2022/2023 година **најнизок** успех има по предметот **физика** кој изнесува 2,86;

- И на крајот на првото полугодие во учебната 2023/2024 година **најнизок успех** има по предметот **физика** кој изнесува 2,82;

-во двете учебни години на крајот на првото полугодие средниот успех по предметите **Македонски јазик и Историја** е скоро еднаков.




**На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа.**

15% од анкетираните родители се изјасниле дека се согласуваат,а 82% целосно се согласуваат,незначителен број не се соласуваат и немаат информација.




**Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава. (анкета од ученици)**

31% од учениците се изјасниле дека се согласуваат, 62% целосно се согласуват, 4% не се согласуваат и минимален број воопшто не се согласуваат.




**Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати?**

90% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат,а 10% дека се согласуваат.

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди од две последователни учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Одделенските совети и Наставничкиот совет. На Наставнички совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија( квартално) и се предлагаат активности за подобрување на истиот.

Училиштето учествува во спроведување на екстерни тестирања на државно ниво, по одделни наставни предмети и континуирано го следи напредокот на учениците.

Следење на напредокот на учениците, набљудувањето и проценка од страна на стручнатата служба,заедно со одделенските раководители и родителите ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето.

Идентификацијата на надарените ученици се одвива со потешкотии поради недостаток на објективни инструменти за поефективно откривање и целосно потврдување на надареност на учениците.

Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку: родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, отворени родителски средби, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците секоја недела,по месеци.Одделенските раководители ги ажурираат изостаноците во Електронскиот дневник. Истата се анализира по класификациони периоди, но исто така се вршат споредбени анализи во две последователни години 2022/23 и 2023/24 .

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Со советувањето се развива свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања. Видно зголемување на постигањата на индивидуално ниво се забележува во случаи каде постои поголема ангажираност на родителите околу своето дете.

Покрај редовната настава училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат со организирање на дополнителна настава.

**Силни страни**

- Во изминатите две учебни години учениците постигнаа бројни награди на општински, регионални и едржавни натпревари. (Во учебната 2022/2023 година Државен натпревар по Хемија II награда, Државен првак во ракомет-машки прва награда. Државен натпревар по Природни науки I награда, Државен натпревар во категорија Училишен оркестер-камерен II награда, Државен натпревар по хорско пеење во Валандово - Училишен хор-13.05.2023 III место, Државен натпревар по Природни науки -прво место. )

**Слаби страни**

- По предметот Физика се бележи благо намалување на успехот во текот на предходните две учебни години.

**Приоритети**

- Развивање на интерес кај учениците кон наставниот предмет Физика, примена на иновативни техники и стратегии на поучуввање и учење.

# ПОДРАЧЈЕ 3: Училишна клима и  односи во училиштето

**Координатор: Жаклина Смилевска**

**Членови на тимот:** Адријана Стоимировска Ангеловска, Анета Митровска, Катерина Величковска, Анета Дивјаковска Ковачовска, Кристијан Трајковски.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **3.1.** | **Училишна клима** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| **3.2.** | **Еднаквост и правичност** | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| **3.3.** | **Партнерски однос со заедницата** | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и урбаната заедница |
| **3.4.** | **Севкупна грижа за учениците** | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за учениците со емоционални тешкотии<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Статутот на училиштето<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Кодекс на однесување на вработените<br>• Кодекс на однесување на учениците<br>• Кодекс на однесување на родителите<br>• Правилници за процедури во случај на прекршување на принципите и правилата<br>• Правилник за изрекување на педагошки мерки | Углед/имиџ на училиштето | ООУ „Ристо Крле “ Кадино е препознатливо во општината и и пошироко како резултат на квалификуваниот наставен кадар, пријатната, позитивна и мотивирачка средина за работа, како за учениците така и за вработените. Имаме постојана соработка со локална самоуправа, образовни и културни институции, НВО, бизнис сектор, хуманитарни организации. Нашите наставници и ученици учествуваат на меѓународни проекти . Изградениот углед се темели на учество на голем број на ученици на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, на кои најчесто освојуваме бројни и највисоки резултати. Успешно и самостојно изградивме препознатлив углед во општината и државата.<br>Училиштето спроведува специфични воннаставни активности по кои е препознатливо во средината.Самоиницијативно планираме и реализираме воннаставни активности на одредени теми со други училишта и секогаш учествуваме во воннаставни активности, настани и манифестации, на покана на други училишта, институции и организации. Во училиштето се реализираат голем број на училишни проекти, проекти финансирани од МОН и други организации. Сите активностите се промовираат на фан-страна и веб страна на училиштето и општината.На крајот на учебната година се организира јавна и свечена промоција на ученик на |

| | | |
|---|---|---|
| • Записници од Совет на родители<br><br>• Правилник за избор на ученик на генерација<br><br>• Евидентирани часови на одделенските заедници<br><br>• Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците·<br><br>• Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br><br>• Пофалби, награди, признанија и друго<br><br>• Медиуми<br>• Програма и правилник за работа на ученички парламент<br><br>• Записници од советувања на родители | | генерација, континуирано одлични ученици и ученици кои учествувале или освоиле награди на државни и меѓународни натпревари и нивните ментори. Холот и ходниците се уредени со ученички изработки, дипломи и пехари како и уредување на паноата според позначајни настани и одбележувања. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има изработено кодекси за однесување кои се однесуваат на сите структури :<br><br>-ученици<br><br>-вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал)<br><br>-родители<br>Родителите се запознаени со кодексите на однесување, а содржини од кодексите се обработуваат на одделенските часови со учениците и уредно се запишуваат во електронски дневник. Истите се јавно истакнати во училниците, кабинетот по информатика и ходниците на училиштето, веб страна. При изработка на истите, нивно унапредување и ажурирање учествуваат претставници од сите претходно споменати структури. Во соработка со Совет на родители и стручна служба е изработен Правилник за користење на мобилни телефони за време на наставата и истиот е истакнат во секоја паралелка и на влезот на училиштето.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br><br>Прашање ,,Запознаен сум со кодексот на однесување,, – Од вкупно 33 испитаници од редот на родители во училиштето избрани по случаен избор, 73% целосно се согласуваат дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето, 18% се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, нема родители кои |

| | | |
|---|---|---|
| • Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани иницијативи на младински активизам, покани, материјали за изборни постапки и др.)<br>• Записиници од работата на стручните активи во училиштето<br>• Кодекс на однесување во кабинет по информатика | | воопшто не се согласуваат, додека само 3 % тврдат дека не се согласуваат, односно не се запознаени со кодексот и 6% немаат информација односно не знаат дека постои кодекс на однесување во училиштето.<br><br>Прашање ,,Имам можност да придонесам за развојот /ажурирање во Кодексот на однесување ,,<br><br>Од вкупно 33 испитаници од редот на родители во училиштето избрани по случаен избор, 48% целосно се согласуваат , 39 % се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, нема родители кои воопшто не се согласуваат, додека само 4 % тврдат дека не се согласуваат, односно не се запознаени со кодексот и 9% немаат информација односно не знаат дека имаат можност да придонесат за развојот /ажурирање во Кодексот на однесување .<br><br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР**: Кодексот е донесен на почетокот на училишната година,на Наставнички совет во кој се вклучени наставниците, стручната служба и учениците и по потреба се ажурира.Во голема мера кодексот се почитува во спротивно се укажува на грешките и по потреба следи разговор со стручна служба за евентуално непочитување на кодексот следува соодветна педагошка мерка. |
| | Училишна клима | Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците, родителите и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Професиналната соработка меѓу вработените е на највисоко ниво, раководниот, наставниот кадар, стручна служба и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Соработка на ниво на стручни активи и помеѓу активите е на високо ниво. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето, преку работилници од ОЖВ, индивидуални и |

| | | |
|---|---|---|
| | | групни разговори со стручна служба и преку голем број на воннаствни активности. Училиштето е инклузивно и на сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) според анкетите најголем дел од ученици се изјасниле дека се вклучени во барем во една активност која им нуди подеднаква можност за вклучување во целокупниот живот и работата на Училиштето.Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br><br>Прашање ,,Се чувствувам прифатен од наставниците,, – Од вкупно 45 испитаници од редот на учениците во училиштето избрани по случаен избор, 76% целосно се согласуваат дека се чувствуваат дека се прифатени од наставниците, 22% се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои воопшто не се согласуваат, додека само 2 % тврдат дека не се согласуваат со тврдењето дека се чувствувааат прифатени од наставниците .<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br><br>Прашање ,,Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците,, – Од вкупно 33 испитаници од редот на родителите избрани по случаен избор, 73% целосно се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците, 27% се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето.<br><br>Прашање ,,Моето дете сака да оди на училиште,, Од вкупно 33 испитаници од редот на родителите избрани по случаен избор, 73% целосно се согласуваат дека нивното дете сака да оди во училиште, 24% се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето,и не се согласуваат со тврдењето 3 %. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетите се заклучува дека нашите ученици сакаат да одат во училиште, постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Преку создадената пријатна атмосфера за работа, соработката наставник – ученик е на високо ниво кое се темели на заемна почит и поддршка. Наставникот дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигањата на учениците се со цел нивно подобрување. Постои добра комуникација ученик-ученик преку другарство, взаемно почитување и извршување на активности.Одлична комуникација е воспоставена помеѓу Директорот и вработените, каде вработените на редовни средби и состаноци на кои се разменуваат мислења, идеи, предлози и прашања поврзани со активностите од претходната и насоки за активности за наредната седмица. Пријатна атмосфера и заинтересираност секогаш постои при организирање на дружби (Нова година, крај на учебна година) и одбележуавње на Ден на Училиштето. Во училиштето постои распоред на дежуратва на наставници пред часови и за време на одмори, како и дежурства на технички персонал на петте влеза на училиштето кои доследно се почитуваат. Во училиштето нема случаи на закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели. Има појава на многу мал број на конфликти со кои училиштето успешно се справува. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Училишниот живот во голема мера може да се опише како средина во која постои заемно почитување и вклученост на сите учесници во активностите на училиштето. Соработката помеѓу вработените главно се карактеризира како професионална и поддржувачка. Наставниот кадар, раководниот кадар и останатите вработени се трудат да придонесот до одржување |

| | | |
|---|---|---|
| | | на позитивна атмосфера во училиштето. Учениците се секогаш упатени да покажат грижа и емпатија едни кон други. Училиштето се стреми да создаде безбедна средина за учење каде закани, провокации, навреди и негативни коментари не се добредојдени. Учениците се мотивирани да поставуваат повисоки цели од средината за учење.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br><br>Прашање ,,Училиштето добро се справува со дисиплината ,, – Од вкупно 33 испитаници од редот на родителите избрани по случаен избор, 55% целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисиплината, 30% се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 12% не се согласуваат со тврдењето и 3% не запознаени со тврдењето.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br><br>Прашање ,,Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем,, – Од вкупно 45 испитаници од редот на учениците во училиштето избрани по случаен избор, 73% целосно се согласуваат дека дека во училиштето добива поддршка и помош при решавање на некој проблем, 20% се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 2% не се согласуваат со тврдењето ,2% воопшто не се согласуваат со тврдењето и 3% не се запознаени со тврдењето. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и потполно демократска процедура која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Во училиштето има Ученички парламент и ученички правобранител, кои се фомирани и избрани согласно Статутот на Училиштето. Ученичкиот парламент и правобранител имаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | изготвено свои програми за работа за чија што реализација во текот на учебната година добиваат поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.). Учениците навремено и целосно се информирани од претседател и заменик претседател на паралелка за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето на поголем број одлуки во врска со тие работи. Во текот на учебната година реализирани се голем број на активности од страна на Ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент промовира младинско учество, за тоа говори и податокот од успешна реализирана работилница во рамки на Парламентарниот институт при Собранието на Република Северна Македонија, каде учениците изработија интерактивно пано на тема : „Слушајте ја иднината“ , дебатираа на парламантарната говорница, симулирајќи улога на пратеници и го искажаа својот став на тема : „Замена печатените учебници со електронски“, и имаа можнст да постават претенички прашања до актуелните пратеници за младинскиот активизам и стратегиите на државата за образовниот процес. Учениците членови на ученички парламент редовно се покануваат на состаноци на училишен одбор. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Интервјуа со ученици, наставници, родители и со стручни соработници<br><br>• Анкети за учениците и родителите | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Самоевалуацијата на подрачјето „Еднаквост и правичност“ има за цел да ги анализира и оцени практиките, политиките и мерките кои училиштето ги применува за обезбедување на фер третман, еднакви можности и инклузија за сите ученици, наставници и други учесници во образовниот процес. Оваа |

| | | |
|---|---|---|
| • Записници од работата на тимот за меѓуетничка интеграција<br><br>• Наставни програми и проекти по предметите во кои се изучуваат содржини поврзани со мултикултурализмот<br><br>• Дневник за работа на стручните соработници<br>• Е-дневник<br><br>• Извештај од работилници за детски права<br><br>• Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување)<br><br>• Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права<br><br>• Записници од Наставнички Совет<br><br>• Правилник за избор на ученик на генерација | | анализа е базирана на податоци собрани преку анкети, разговори, документи и набљудувања.<br><br>Училиштето има усвоено политики кои гарантираат еднаков пристап и правичен третман за сите ученици, без разлика на нивниот пол, етничка припадност, религија, физички способности или социоекономска положба. Овие политики се дел од кодексот на однесување, кој ги дефинира основните принципи за спречување на дискриминација и промовирање на толеранција, почит и разбирање. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици.<br><br>Инклузивните практики се особено насочени кон учениците со попречености, со цел да им се обезбеди пристапност до сите училишни простории, ресурси и активности. Дополнително, дел од наставниците се обучени да изготвуваат индивидуални образовни планови за учениците кои имаат посебни образовни потреби. Во училиштето е составен инклузивен тим кој им помага на наставниците, родителите и учениците во образовниот процес и дава поддршка на сите засегнати страни.<br><br>Во текот на самоевалуацијата, беа спроведени анкети и интервјуа со учениците за да се добијат нивните мислења и искуства. Резултатите покажаа дека најголемиот дел од учениците чувствуваат дека наставниците ги третираат подеднакво, без фаворизирање. Учениците истакнаа дека сите имаат пристап до училишните активности, како што се спортските натпревари, културните манифестации и проектите за групна работа и истите сами ги избираат според нивните интереси.<br><br>Наставниците во училиштето активно работат на промовирање на еднаквост и правичност во своите часови. Анкетите и состаноците со наставниците покажаа дека наставниците применуваат диференцирани методи на настава за да ги |

| | | |
|---|---|---|
| • Правилник за изрекување педагошки мерки<br><br>• Програма за работа на стручната служба<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето и годишен статистички извештаи | Познавање и почитување на правата на децата | поддржат индивидуалните потреби на учениците. Секој ученик добива фер можност за учество во наставните активности, вклучително и во проектите, дискусиите и оценувањето. Наставничкот тим редовно разменува искуства и стратегии за справување со ситуации кои би можеле да доведат до дискриминација.<br><br>Родителите имаат клучна улога во самоевалуацијата и беше важно да се вклучат нивните мислења преку анкети и индивидуални разговори. Анализата покажа дека родителите се генерално задоволни од тоа како училиштето се грижи за правичен третман на нивните деца. Се ценат отворената комуникација и транспарентноста на училиштето во однос на известувањето за напредокот на учениците.<br><br>Податоците за постигањата на учениците, учеството во воннаставните активности и дисциплината покажаа дека училиштето успешно обезбедува еднаквост за сите ученици вклучени во образовниот процес.<br><br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги поттикнуваат учениците да ги знаат и практикуваат истите. На редовните родителски средби родителите се информираат за правата и обврските на децата и се поттикнуваат на постојана соработка со цел почитување на истите од страна на сите ученици. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата, реализирани на часовите предвидени за ОЖВ, свечен прием на првачиња во Детска организација, одбележување на Светски ден на детето, одбележување на Светски ден на лица со попреченост. Учениците активно се вклучени во овие активности и многу други спортски, културни и едукативни настани, без оглед на нивната позадина. Во рамките на проектот за меѓуетничка |

| | | |
|---|---|---|
| | | интеграција во образованието, создадена е и програма за МИО во годишната програма на училиштето и акционен план за спроведување на МИО активности. Тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција учествува на сите активности поврзани со оваа проблематика, па така, овој тим заедно со учениците беше активен учесник на повеќе работилници со нашето партнер училиште „Мустафа Кемал Ататурк“ од општина Центар Жупа. Во рамките на Е-Твининг проектите се реализирани активности кои придонесуваат кон другарски и позитивен однос меѓу учениците од нашето училиште и партнер училиштата од повеќе европски држави.<br><br>Училиштето успешно ги применува принципите на еднаквост и правичност, што се гледа преку позитивните перцепции на учениците, наставниците и родителите. Инклузивноста и фер однесувањето се основа на училишната клима и значително придонесуваат за развојот на учениците.<br><br>Нашето училиште постојано води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот иако бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал. Континуираниот процес за унапредување на меѓуетничката интеграција резултира со однос (меѓу учениците) кој е исполнет со толеранција и разбирање. |

| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| • Извештај за работата на училиштето (полугодишен, годишен)<br><br>• Записници од советот на родители и родителски средби<br>• Анкети и интервјуа со Директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници<br>• Педагошка евиденција и документација (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност)<br><br>• Статут на Училиштето<br><br>• Веб-страница на училиштето<br><br>• Решение за именување на членовите на училиштен одбор<br><br>• Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците<br><br>• Записиници и одлуки од состаноците на училишен одбор | Соработка на училиштето со родителите/ старателите | Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите и користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање и распоред за консултации со наставници. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето (Од спроведените анкети за родители, ученици и наставници најголем дел се позитивни мислења за прифатеност и еднаквост на ученицита од сите субјекти од училиштето). Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор врз основа на Статут за работа на Совет на родители. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители (родителски средби, усни искажувања, анализи, евидентни листови итн.). Родителите коректно се примени од наставниците, стручните соработници и Директорот и се чувствуваат добредојдени во училиштето. Комуникацијата со родителите, одржани родителски состаноци за кои секој одделенски раководител има изготвено програма, состаноци на Совет на родители, индивидуални родителски средби, писмени и телефонски покани, посета на домови на учениците и поканување на манифестации во училиштето. Училиштето води сметка да излезе во пресрет на барањата на родителите и на тој начин покажува позитивен однос за соработка со родителите. Индивидуалните средби, кои се по барање на одделенскиот раководител или друг предметен наставник или родител се одвиваат во училиштето, прилагодувајќи се на времето со однапред договорен термин за посета. Родителите континуирано се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес, и пропишани се задолжителни советувања |

| | | |
|---|---|---|
| • Организирани трибини, извештаи, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница<br><br>• Записници од работата на тимот на меѓуетничка интеграција | | каде што е опфатена оваа група на родители. Од педагошка документација се гледа дека од изречени усни опомени во текот на учебна година, понатамошниот број на изречени педагошки мерки се намалува поради континуирана соработка на училиштето со родителите и учениците.<br><br>Родителите преку одделенските раководители навремено се известувани за успехот на учениците , лекарските прегледи и вакцини, одржување на хигиената и чување на инвентарот во училиштето;<br><br>Се реализираат советувања на родители од страна на педагогот на училиштето, на учениците кои имаат повеќе изостаноци, послаб успех или покажуваат непримерен однос кон учениците или вработените во училиштето.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br><br>Прашање ,,Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето“ – Од вкупно 33 испитаници од редот на родителите избрани по случаен избор, 48% целосно се согласуваат дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, 30% се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 6% не се согласуваат со тврдењето, 4% воопшто не се согласуваат и 12% се изјасниле дека немаат информации за тврдењето. |
| | Соработка со | Училиштето активно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на |

| | | |
|---|---|---|
| | општината и со урбаната заедница | заедницата како што се: повеќе еко акции за чистење на просторот во училиштето и училишниот двор.Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Општината и урбаната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Во училиштето постојат активности за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Редовна соработка училиштетото остварува и со други основни училишта и тоа преку учество на натпревари, спортски и културни манифестации, во рамките на општина, регион, држава и пошироко. Организира заеднички литературни читања со останатите основни училишта во општината, а соработува и при регулирање на педагошка документација или информативни дискусии во врска со премин на ученици од едно во друго училиште, премин во средни училишта како и при упис на првачиња и други настани.<br>Соработка со средните училишта се остварува преку презентација за промоција на истите, посета на средните училишта на отворени денови и прибирање податоци за постигања на нашите ученици во средно образование на ниво на град Скопје. Училиштето остварува и меѓународна соработка преку учество на наши ученици на меѓународни проекти и натпревари. Со остварувањето на културно-образовните активности кои се составен дел на воспитно-образовната дејност, училиштето активно се вклучува во задоволувањето на културните и образовните потреби на локалната средина.<br>Соработката со воспитно-образовните институции и организации од областа на културата и стопанството е од голема важност за унапредување на работата на нашето училиште.Посебно внимание се посветува на правата на децата во училиштето. Затоа училиштето овозможува пристап до едукативната детска игра ,,Правата на децата“ за време на часовите на одделенски час и ученичката заедница.Активно учество на учениците од VI до IX одделение на Литературна |

| | | |
|---|---|---|
| | | манифестација „Илинден 2024 година“ - „Денови на Кулутрата во Општина Илинден“ одржано на ден 16.05.2024 година, каде учениците кои учествуваа на литературното матине, со свои поетски творби освоија прва, втора и трета награда<br>Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување<br><br>• соработка со МОН, Меѓуопштински центар за социјална работа, основните училишта и средното училиште од општина Илинден, ЈУДГ “Гоце Делчев“, Институтот за Педагогија при Филозофскиот факултет, Состаноци со секцијата на педагози “Гласот на педагогот“ итн...<br><br>• перманентно стручно усовршување преку следење на семинари и користење на стручна литература.<br><br>· Соработка со семејството и училиштето во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично БРО, ГСИ Консалтинг- 06.07.2023;<br><br>· Навиките на успешност, асертивната комуникација и здравата училишна средина како фактори за превенирање на мобинг во училиштето, КОУЧИНГ-Н друштво за консалтинг и услуги- 18.01.2024 година;<br><br>· Местото и улогата на педагозите во подобрување на работата на училиштето, КОУЧИНГ-Н друштво за консалтинг и услуги- 28.02.2024 година;<br><br>· Обука – унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата, самоевалуација и развојно планирање, МЦГО- Хотел Континентал, 25-26.03.2024 година; |

| | | |
|---|---|---|
| | | · Проект за унапредување на осовното образование, Обука-„Градење на капацитетите за управување со менструалното здравје и хигиена“ МОН- Хотел Александар Палас- 04.04.2024 година;<br><br>· Учество на Мастер Клас „Нашите ученици во светот на критичкото мислење и медиумската писменост“ организирана од страна на Заводот за напредување на образованието и воспитанието на Р.Србија и Американската амбасада во Белград во периодот од 30.05.2024 до 02.06.2024 година во Златибор;<br><br>· Учество на обука за Инклузивно образование во пракса, -БРО и ГСИ консалтинг 24.06.2024 година.<br><br>Нашето училиште соработува со Црвениот крст на град Скопје,општина Гази Баба и општина Илинден каде што се организираа голем број хуманитарни акции за собирање на топла облека(Мото:Донесете капа,шал ,ракавици, чорапи…а однесете новогодишен украс).<br><br>Нашето училиште во соработка со родителите успешно учествуваше во реализација на активностите во меѓународниот проект ,,Моќта на учителот во градење на идна професија под мотото ,,Безбедни,здрави и среќни“.<br><br>Во соработка со НЛБ банка и Црвениот крст се организираше хуманитарна акција под мотото ,,Направи добро дело“на која учениците учествуваа со свои цртежи на темата и освоија прва награда, а во училиштето се организираше хуманитарна акција под мотото ,,Секоја играчка заслужува втора шанса“.<br><br>Во координација со Општината Илинден е организиран бесплатен автобуски превоз за учениците кои живеат подалеку од два километри од училиштето. Во соработка со Општината |

| | | |
|---|---|---|
| | | Илинден се набавени таблет уреди за ученици од 4 одд за новите наставни програми.<br><br>Местоположбата на училиштето има посебно влијание за соработката со локалното население. Посебно истакнуваме учество на локалното население во активностите кои ги спроведува училиштето. Заедничка реализација активности за раззеленување и хортикултурно уредување на училишниот двор во ПУ с.Бунарџик и ПУ во с.Мралино. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Кодекс на однесување<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Протокол за превенција и заштита од насилство<br>• Анкети со наставници, родители, ученици<br>• Дневник за работа на стручните соработници<br>• Оперативен план за ОЖВ | Превенција и заштита од насилство | Важен аспект кој се вградува во глобалните цели на образованието е аспектот на здравјето, како физичкото, така и менталното. Покрај тоа што физичкото здравје и досега постоеше во сите наставни планови и програми како посебно здравствено образование според најновата дефиниција на Здравствената организација здравјето се дефинира како целосна физичка, ментална и социјална благосостојба. Затоа и нашето училиштето при планирањето на Годишната програма за работа поаѓа од овие аспекти.<br>За превенција и заштита од насилство се води сметка преку креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење, поттикнување на уважување на различностите. На ова поле наставниците работат преку инкорпорирање и обработка на адекватни содржини во рамки на редовната настава, на часовите на одделенска заедница, во воннаставните активности.<br>Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставници, ученици и родители) на официјалната веб страна на училиштето. Појавените форми на насилство редовно |

| | | |
|---|---|---|
| | | се евидентираат во училиштето. Во училиштето се постапува според Политиката за заштита на децата за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и ученциите. Педагошко - психолошката служба континуирано дава поддршка преку советодавно-консултативни разговори (индивидуални и групни) на учениците и родителите. Се постапува навремено и непристрасно во случај на поплака, а децата жртви на насилство, нивните родители/старатели и/или сведоците на насилство се запознаени со прават и процедурите за поднесување поплаки. Сепак информациите се добиваат ретко од самите ученици, како и од нивните родители поради срамот и традиционалното сфаќање работите да се задржат во семејството. Повеќето информации се добиваат посредно преку други ученици кои се дружат со засегнатите ученици, преку разговори со лица од средината од која потекнуваат учениците и тоа подеднакво и за двата пола, од страна на одделенските раководители и педагошко-психолошката служба.<br>За сите ученици кои се дел од врснично насилство училиштето располага со процедури за конструктивно работење во кое неминовно се вклучуваат и родитлите. Малиот број на појави на насилство се резултат на превземените активности. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Се организираат предавања на определени теми кои ја обработуваат проблематиката зачувување на физичкото здравје, емоционалниот и социјалниот развој на децата најчесто на одделенските часови, во рамки на подрачјето грижа за здравјето и здравствена заштита на учениците. За зајакнување на воспитната компонента на часовите на одделенската заедница, одделенските раководители со учениците ја реализираат програмата „Образование за животни вештини“ донесена од страна на МОН и Биро за развој на образованието, каде што преку работилнички тип на работа се обработуваат теми од личниот, физичкиот, социјалниот, |

| | | |
|---|---|---|
| | | емоционалниот развој на учениците. Во овие активности се вклучени и предметните наставници при што учениците се оспособуваат да се грижат за своето здравје, да развиваат вештини за комуникација, за решавање на проблеми, за лично и општествено однесување.<br>Грижата за здравјето на учениците е застапено и преку програмата на предметот физичко и здравствено образование, во рамките на која покрај редовната настава се организираат натпревари меѓу учениците во неколку спортски дисциплини. Натпреварите се меѓу одделенски и меѓу училишни со училиштата од општината. Активностите се одвиваат во училишна спортската сала и на спортско повеќенаменско игралиште за неколку спортски дисциплини, но само во периодот од годината кога временските услови го дозволуваат тоа. Во сите подрачни училишта исто така програмата по овој предмет се одвива со тешкотии и тоа во училница и училишниот двор. Најголем дел од учениците учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. |
| | Квалитет на достапна храна | Во училиштето нема училишна менза. Учениците сами се снаоѓаат за храна. Дел од нив носат подготвени оброци од дома, а голем дел купуваат од околните продавници и пекари.<br>По предметите Биологија, Природни науки, ОЖВ на одд.час во предметна настава, а исто и во одделенска настава се обработуваат наставни содржини за здрав начин на исхрана, особено во одделенска настава се работи на навики за здрава исхрана преку работилници, дискусии, презентации, носење на ужинка-овошје, зеленчук. |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето редовно се врши чистење и дезинфекција на тоалети, ходници и училници во законски прописи, редовно чистење на училишниот двор, косење трева, хортикултурно уредување од страна на технички персонал, но и од страна на ученици преку разни еколошки активности/Ден на пролет, Ден на планета Земја во дворовите на училиштата како и во |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишните ходници и училници. Во централното училиште и во подрачното училиште во Бунарџик училниците имаат чешма со чиста вода за пиење, сапун како и корпи за отпад кои редовно се чистат. Подрачното училиште во Мралино има чешми само во тоалетите. Училишната спортска сала во централното училиште редовно се чисти и проветрува.<br>Училиштето соработува со здравствениот дом во Автокоманда преку редовна вакцинација на ученици, за систематски прегледи и редовно залевање на заби на ученици. Ваквите прегледи се организираат со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички раст и развој. Во училиштето постојат редовни систематски прегледи на вработените на секои 2 години и еднаш годишно се прави санитарен преглед. Училиштето соработува со служба која врши редовна ДДД двапати годишно за спречување на појава на заразни болести. На часовите на одд. заедница воспитно се делува врз учениците за одржување на лична хигиена и заштита од заразни болести и на создавање хигиенски навики. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност за учениците. Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и беше реализирана симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди - земјотрес. Нафтената котлара редовно се контролира, но истата работи без експанзиони боци. Најголем дел од родителите сметаат дека вработените се грижат за безбедноста на учениците и дека училиштето во целина нуди потполно безбедни услови за нивните деца. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поставен е видео надзор пред главниот влез и внатре низ ходниците на училиштето што уште повеќе ја зголемуваат безбедноста на децата и на вработените. Кровната конструкција на училиштето е целосно сменета и обновена. За ученици и посетители со телесен инвалидитет има поставено рапна на главен влез во централното училиште и ПОУ Мралино. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во случај на потреба за социјално загрозените семејства училиштето обезбедува материјални средства и друг вид на хуманитарна помош зависно потребите. За помош и потреба на учениците од социјално загрозените семејства училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница, Црвен крст и со други релевантни институции. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Здравствената состојба редовно се контролира преку систематски прегледи и се врши задолжителна имунизација според програмата на Заводот за здравствена заштита Скопје. На учениците им се презентираат и предавања од областа на здравјето (физичко и ментално здравје) од страна на одделенските раководители и стручната служба во подрачјето грижа за здравјето.<br>Во случај на подолго отсуство на ученик од здравствени причини образовниот процес се реализира преку испраќање на материјали за работа од дома, организирање дополнителни часови кога ќе се вратат, пружање на помош и поддршка од страна на наставниците и соучениците. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Се вложуваат напори од страна на стручната служба на училиштето редовно да се препознаат емоционалните тешкотии кај учениците преку соодветни механизми .<br><br>Стручниот соработник е обучен да им помогне на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упати до релевантните институции (советувалишта, |

| | | |
|---|---|---|
| | | здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Наставниците добиваат соодветна поддршка и помош при решавање на проблемите.<br><br>Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење. Родителите сметаат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивните деца. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиште соработува со средните училишта чии претставници го посетуваат нашето училиште и ги претставуваат нивните програми пред учениците од деветто одделение. Учениците исто така добиваат информации за средните училишта, можностите кои ги нудат и условите за запишување по пат на електронска пошта.<br>Во училиштето постои Програма за професионална ориентација на учениците и активностите од истата ги реализира педагогот во соработка со учениците и родителите.<br>Повеќето родители сметаат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Подрачјето училишна клима и односи во училиштето ги опфаќа аспектите на училишна клима, еднаквост и правичност, партнерски односи со заедницата и севкупна грижа за учениците. Преку обработка на податоците добиени од прашалници за ученици, наставен кадар и родители, како и фокус групи и интервјуа се донесоа заклучоци за секоја тема одделно и се одредуваат силните и слабите страни како и приоритетите за работата на училиштето. |

**Силни страни**

- Успешна соработка со локалната заедница и населението преку реализирање на заеднички активности (Новогодишен базар, хуманитарни акции во соработка со Црвен Крст Гази Баба, Хуманитарна акција со НЛБ банка...)
- Училиштето има изградено препознатлив имиџ во Општината
- Организација на креативни и хуманитарни активности: Пример: собирање играчки, топла облека, што ја зајакнува поврзаноста и емпатијата меѓу учениците.
- Промовирање на ученичко учество и младински активизам преку работата на Ученичкиот парламент и учество на работилница за Детски парламент при Парламентарниот институт на Собранието на РСМ.

**Слаби страни**

- Иако наставниците учествуваат во активности за заштита од пушење, алкохол и дрога, сепак сите наставници не се вклучени во вакви активности.

**Приоритети**

- Да се вклучат сите наставници во  активности за заштита од пушење, алкохол и дрога преку реализирање на најразлични работилници со учениците.

# ПОДРАЧЈЕ 4: Управување, раководење и креирање политики

**Координатор: Сашка Ангеловска**

**Членови на тимот:** Сузана Крстевска, Валентина Милчевска, Магдалена Здравковска, Бранкица Анастасовска, Даниела Костадиновиќ, Елена Тодевска.

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **4.1.** | **Управување и раководење со училиштето** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| **4.2.** | **Цели и креирање на училишната политика** | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојното планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Програма за работа на Училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Статут на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• Записници, Одлуки, Извештаи од работата на Училишниот одбор<br>• Интервју со Директор и стручните соработници<br>• Програма за работа на директорот,<br>• Програма за работа на стручни соработници | Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето според Законот за основно образование (С. Весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20). Работата и функционирањето на УО е јасно дефинирана според деловникот за работа на Училишниот одбор, навремено се донесуваат заклучоци и одлуки со консензус и истите се транспарентни. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, а успешно соработува со Советот на родители, стручна служба, наставници, ученици, локална самоуправа и приватни водечки структури. УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам. УО се состои од седум члена, со право на глас, и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители и еден член од Основачот на училиштето- Локалната самоуправа, како и двајца претставници од редот на училишниот парламент, без право на глас. На најголем број на состаноци, се присутни сите членови на УО, вклучувајќи ги и двајцата претставници од училишниот парламент, без право на глас. на кои непречено се работи, детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето со уредно изготвени записници. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |

| | | |
|---|---|---|
| • Програма, извештаи и записници на наставник-ментор<br>• Пограма за професионален развој;<br>• Анкета за наставниците, родителите и учениците<br>• Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>• Докази за вклчученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), во кои се афирмира инклузивноста на училиштето.<br>• Записници од инспекциски надзори<br>• Распоред и процедури за користење на просторот и наставните материјали во училиштето; | | |

| | | |
|---|---|---|
| • Активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека<br><br>• Пописна листа за библиотечен фонд<br><br>• Извештаи и записници од следени часови од директор и стручни соработници со дозвола на директор | | |
| | Раководење со училиштето | Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и Статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени заинтересирани страни во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, **се** со цел наставниците редовно да се информирааат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта, затворена група на социјална мрежа Facebook или преку Viber група (тековно).<br>Секојдневно соработува со стручните соработници, родителите и учениците за надминување на проблеми и разрешување на конфликти во Училиштето. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште и пошироко. Ја организира и следи работата на Училишен инклузивен тим и други тимови во Училиштето, особено инсистира и |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддржува реализирање на МИО активности, еколошки содржини и спроведување на училишни политики,<br>во кои се афирмира инклузивноста на училиштето.<br>Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, бизнис заедницата и граѓанските организации, вклучувајќи го училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Училиштето превзема активности за унапредување на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција со потпишан меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ Центар Жупа, каде наставата се реализира на три наставни јазици. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето има јасен план и распоред за максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Во функција се кабинет по музичко образование, кабинет по информатика, кабинет по странски јазици, кабинет по природни науки, кабинет по историја и географија, кабинет по физика и математика, опремени училници за реализација на наставниот процес во одделенска настава, како и училишна спортска сала и училишна библиотека.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети.<br>Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.<br>**Училишната библиотека/медијатека располага со книжен фонд од 10050 книги,** вклучувајќи ги и лектирните изданија. Училиштето нема добиено согласност за вработување на библиотекар, а обврските предвидени за работното место на библиотекар ги извршува наставникот по македонски јазик. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер кој има пристап до интернет. Библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките. Во библиотеката се води електронска и книжна библиотечна евиденција, но, издавањето и враќањето книги не се води по електронски пат. Библиотеката е отворена |

| | | |
|---|---|---|
| | | за користење од учениците според можностите на наставникот кој ги извршува овие работни обврски. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите за реализирање на наставни планови и програми. Наставниот кадар е квалитетен,компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br>Стручниот соработник во училиштето им помагаа на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручниот соработник во својата програма за работа планираа и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Стручниот соработник со дозвола на директорот, според направен распоред, вршат редовни посети на часови и вршат нивно евидентирање, најмалку два часа во едно полугодие кои се поткрепени со разговор за истите.<br>Во училиштето се ангажирани и образовни асистенти кои работат со категоризирани ученици обезбедени од МОН. Од направената анализа произлегува потребата од идно вработување на социјален работник, дефектолог и уште еден педагог во училиштето. Во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство на наставниот кадар училиштето навремено поднесува барање до Општината, и во најголем број ситуации има и соодветна замена од секторот за образование.<br>Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето, ги детектираат потребите за лично професионално усовршување, изработувајќи лични планови за професионален развој на почетокот на учебната година и |

| | | |
|---|---|---|
| | | извештај за личниот и професионален план за развој на крајот од учебната година. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови. Според новиот закон, сите наставници, по свој избор поминаа по две акредитирани обуки за учебната 2022/23 и 2023/24 година. Тековно се врши дисеминација на истите. Во наредните две учебни години ќе се обучат сите наставници уште со по 4 акредитирани обуки по свој избор, кои ќе ги наведат во личен план за професионален развој. Во нашето училиште имаме еден наставник кој напредуваше во својата кариера со звање наставник- ментор. Дел од наставниците со финансирање од други домашни и странски институции, посетија одделни обуки во текот на минатите две учебни години. Секој наставник може да напредува според законот за кариерно напредување на наставниците. Директорот целосно ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставнииот кадар и стручниот соработник имаат ажурирани професионали досиеја. Училиштето се придржува на Законот за основно образование за приправничкиот стаж. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници со одобрение од директорот по претходно изготвен распоред за следење на работата на наставниците, континуирано ја следат работата на наставниците и квалитетот на реализација на наставата. Најголем број наставници по најмалку два наставни часа беа посетени од страна на директорот и стручниот соработник во текот на едно полугодие. Во текот на следењето на наставниот час, директорот и педагогот на училиштето, користат подготвени формулари или протоколи на кои ги запишуваат и бележат сознанијата од посетениот час.<br>За следење на наставниот час директорот или стручниот соработник даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување. Наставникот -ментор има посетено повеќе наставни часови на наставници – |

| | | |
|---|---|---|
| | | приправници за давање насоки и поддршка за подобра реализација на НПП. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• План за развој на училиштето<br>• Акциони планови<br>• Анкети/Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници родители, ученици<br>• Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ;<br>• Записник од састаноци на одд. заедници и ученичка организација<br>• Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на училишниот одбор<br>• Интервју со директор | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, Стручни активи, преку соопштенија, иформативни катчиња, огласна табла, веб- страна на училиштето, Facebook страна на училиштето, Viber групи, итн.<br>Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество во хуманитарни активности и еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето. Сите процедури и информации се навремено ажурирани. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се јасни, конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Се води сметка, со правилно распоредување на финансиските средства, со кои што располага училиштето, а, се обезбедени од државниот Буџет, Општината, донатори или учество во проекти. Во планирањето на целите се |

| | | |
|---|---|---|
| • План за професионален развој;<br>• Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки<br>• Записници од ревизија и УЈП<br>• Буџет и финансиски план на училиштето | | вклучени наставниците, стручната служба, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето редовно и навремено ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети, Совет на родители и на Училишен одбор. Исто така, релевантните страни, со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално преку Развојна програма на училиштето, Соопштенија за наставници, ученици и родители. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.<br>За изработениот и уредно доставен финансов план од страна на Училиштето, кој содржи приоритети, тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот секогаш се одобрува од страна на основачот на училиштето.<br>Одобрениот буџет се користи наменски, а во најголема мерка се користи за приоритети кои се поврзани со тековно одржување – комунални услуги, греење, комуникација, превоз на ученици, хигиена, ситен инвентар и поправки, реконструкција, одржување на згради и дворови, нагледни средства, училишни материјали, компјутерска опрема, плата на наставниците, професионален развој на наставниот кадар и др.<br>Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план, и истиот го одобрува и доставува до |

| | | |
|---|---|---|
| | | Основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план. Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот и носи одлука за усвојување на Завршната сметка на училиштето. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Од спроведеното истражување, односно од одговорените анкетни прашалници наменети за наставниот кадар, родителите и учениците во училиштето, може да се заклучи дека директорот на училиштето е транспарентен во доменот на неговите надлежности, и секогаш навремено ги информира вработените за сите новитети кои се случуваат во училиштето, како и со севкупното работење во училиштето. Исто така членовите на Училишниот одбор секогаш донесуваат одлуки според сопственото убедување и мислење. Училиштето има соодветен наставен кадар и стручни соработници за реализација на сите наставни планови и програми. Професионалниот развој на наставниците и стручните соработници се одвива преку обуки, работилници, семинари, вебинари и дисеминација од страна на вработени од училиштето. Директорот и стручните соработници по претходно изготвен распоред континуирано ја следат работата на наставниците.

**Силни страни**

- Училиштето води сметка за планирање професионален развој на сите вработени, според нивните потреби и приоритети и обезбедува континуиранаи обуки за професионален и кариерен развој на сите вработени.
- Соработка со локалната заедница, преку систем на наградување на ученици со континуиран одличен успех преку организирање на Летен камп.
- УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам.
- Вклученост на сите инволвирани страни во креирање на училишните политики.

**Слаби страни**

- Училишната библиотека не располага со читална за учениците.
- Потреба од реконструкција на спортското игралиште во централното училиште.

**Приоритети**

- Обезбедување на просторни услови за читална/медијатека.
- Реконструкција на спортското игралиште во централното училиште.

**КООРДИНАТОРИ И ЧЛЕНОВИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 2023-2025 ГОДИНА**

1. **Планирање, настава и учење**

**Координатор:** Славица Димитрова Ристовска
**Членови на тимот:** Кате Илијевска, Шпреса Митре, Ивана Иванова, Зоран Алексовски, Фросина Голубовска, Ивана Давиновска

2. **Постигнување на учениците**

**Координатор:** Јасминка Тодоровска
**Членови на тимот:** Јованче Бизимоски, Јасмина Ѓорѓиевска Стеванова, Валентина Васевска, Марија Зоксимовска, Викторија Арсовска,

3. **Училишна клима**

**Координатор:** Жаклина Смилевска
**Членови на тимот:** Адријана Стоимировска Ангеловска,Анета Митровска, Катерина Величковска, Анета Дивјаковска Ковачовска, Кристијан Трајковски

4. **Управување, раководење и креирање политики**

**Координатор:** Сашка Ангеловска
**Членови на тимот:** Сузана Крстевска, Валентина Милчевска, Магдалена Здравковска, Бранкица Анастасовска, Даниела Костадиновиќ, Елена Тодевска.

**Комисија за самоевалуација**

1. Јовче Петковски – Директор,
2. Јулија Тргачевска- педагог,
3. Лидија Ѓаковска- одделенски наставник, наставник ментор,
4. Кристина Сталеска Секуловска – предметен наставник,
5. Јовица Панајотовиќ- претседател на Совет на родители

**Директор**
**Јовче Петковски**
_______________________